| Отворен час по граѓанско образование | Оспособување на учениците за решавање на проблем ситуации | Стручна служба, наставник по граѓанско образование | Еднаш во текот на учебната година | Правилник од МОН, стручна литература, ученици, наставници | Претставник од БРО, Стручна служба, наставник по граѓанско образование |
| **Задачи од втора цел** | | | | | |
| Да се формира тим, да се изготви достави барање до агенција за млади и спорт, МОН, ЕЛС. | Следење на активностите | Директор, Училишен Одбор, совет на родители, претставници од ЕЛС | 2022/2023 | Директор, Тим од наставници, родители и стручни соработници | Директор, Училишен Одбор, совет на родители, претставници од ЕЛС |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Собирање на идеи, анализа на податоците, да се утврди план и динамика за уредување, обезбедување на финансиски средства, уредување на просторот. | Следење на активностите | Директор, Училишен одбор, совет на родители. Претставници од ЕЛС | 2022/2023 | Директор, апликации до невладини организации, амбасади, ЕЛС | Директор, Училишен одбор, совет на родители. Претставници од ЕЛС |
| Координација со активи за обезбедување податоци за потребен материјал и за донесување на одлука за реализација на активноста. Изготвување на апликации во различни агенции, МОН, амбасади, Општина Кичево Спроведување на активноста со дополнително ангажирање на сите ресурси. | Опремени кабинети со лабораториски материјали и успешно завршен проект „Од кабинет во лабораторија“ | Совет , менаџерски тим од училиштето, родители | Септември, октомври | Совет , менаџерски тим од училиштето, родители | Совет , менаџерски тим од училиштето, родители |
| **Задачи од трета цел** | | | | | |
| Вклучување на родителите во процесот на учење, животот и работата на училиштето | Планирања, таленти, ученици со потешкотии, професионален развој | Родители, наставници, ученици, стручна служба | Во текот на целата учебна година | Отворени денови, вонннаставни активности, брошури, социјални мрежи | Родители, наставници, ученици, стручна служба |
| Вклучување на учениците во активностите во училиштето | Приредби и решавање на проблеми и донесување на одлуки | Наставници, одд. раководители Стручна служба, Директор | Преку цела година | работилници, вонннаставни активности | Наставници, одд. раководители Стручна служба, Директор |
| Изработка на брошура за родители Едукација на семејство | Советодавна работа групни и индивидуални средби | Наставници, Одд. Раководители, Стручна служба, Директор, Администратор | Преку цела година | компјутерско – техничка поддршка, работилници, наставници, ученици, стручни соработници | Наставниц и, Одд. Раководители, Стручна служба, Директор, Администратор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување на родителите во процесот на учење, животот и работата на училиштето | Планирања, таленти, ученици со потешкотии, професионален развој | Родители и Ученици | Во текот на целата учебна година | Отворени денови, воннаставни активности, брошури, социјални мрежи | Родители и Ученици |
| Работилница за наставници и ученици за надминување на негативните појави | Приредби и решавање на проблеми и донесување на одлуки | Наставници и ученици | Преку цела година | Отворени денови, воннаставни активности, брошури, социјални мрежи | Наставници и ученици |
| Аналитичко-истражувачка работа за следење на процесот | Советодавна работа групни и индивидуални средби | Стручна служба, Директор | Периодично преку цела учебна година | Стручни соработници, стручна литература, истражувања, прашалници | Стручна служба, Директор |

*8.1. План за евалуација на акциските планови*

**ЦЕЛ 1:** *ПРЕКУ НАСТАВА СО КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ И РАЗМИСЛУВАЊЕ, СО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ, ДО УЧЕНИЦИ – ЛИДЕРИ И ПРЕТПРИЕМАЧИ*

**Одговорни за следење:** директор, наставници, ученици, стручна служба на училиштето;

**Критериум за успех:** оценувањето во функција на стандардите пропишани од МОН; подготовка и промоција на успешни лидери и развиени ВИП компетенции, успешни практики од наставниците;

**Инструменти:**тестови на знаења, статистички прегледи, портфолио за наставниците и учениците, анкети, посета на часови, употреба на ИКТ во настава, стручна литература, обуки, скала на проценка, рангирање и др.;

**Индикатори за успешност:** отсликување на реалното и објективно оценување на знаењата на учениците, изградени ставови и вештини на живеење во сите сфери на современиот образовен систем; 80% од наставниците имаат задолжителни критериуми за практичност во наставата;

**Повратна информација:** зголемен мотив кај учениците и подобрување на оценувањето кај учениците, успешен менаџмент во паралелката,задоволен критериум за практичен пристап кон наставното градиво.

**ЦЕЛ 2:***ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА НА УЧИЛИШТЕТО*

**Одговорни за следење:** менаџерски тим, вработените во училиштето, претставници од ООУ, Совет на родители;

**Критериум за успех:** Формирање на тимови, барање до Агенцијата за млади и спорт, МОН, ЕЛС, собирање на идеи и утврдување на план и динамика за уредување; позитивна клима во училиштето; обезбедување простор и соодветни услови за чување на лабораторискиот материјал;

**Инструменти:** записник; деловодник, опсервација, мониторинг на целосна реализација;

**Индикатори за успешност:** вклучување во процесот на избор на приоритетно училиште, успешно реализирана практична настава по предметите: Физика, Хемија, Биологија;

**Повратна информација:** целосна реализација на програма по ФЗО и подобрување на квалитетот на настава по ФЗО, зголемено влијание врз здравствената способност, отклонување на деформитети, идентификување на млади надарени таленти; зголемена безбедност на учениците, уреден и безбеден училиштен простор; Опремени кабинети со лабораториски материјали и успешно завршен проект „Од кабинет во лабораторија“.

**ЦЕЛ 3:***ВКЛУЧУВАЊЕ, ИНФОРМИРАЊЕ И АФИРМИРАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО НАСТАВНИТЕ И ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ*

**Одговорни за следење:** директор, стручна служба, наставници, родители;
**Критериум за успех:** Учество на родителите во училиштето;
**Инструменти:** интервју, отворена дебата;
**Индикатори за успешност:** Родителите почесто се среќаваат и соработуваат со наставниците;
**Повратна информација:** Родителите чувствуваат поголема добредојденост во училиштето.

## 6. Програми и организација на работата во основното училиште

*8.1. Календар за организацијата иработата во основното училиште*

година е објавен во Сл. весник на РСМ бр. 159 од 9.08.2022 година.

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно-образовна дејност и ученички одмор за учебната 2022/2023.

Учебната година во основните училишта почнува на 1 септември 2022, а завршува на 31 август 2023 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2022, а завршува на 8 јуни 2023 година.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија. Првото полугодие започнува на 1 септември 2022 година и завршува на 30 декември 2022 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2022 година, а завршува на 8 јуни 2023година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2022 година и завршува на 18 јануари 2023 година.

Летниот одмор започнува на 9 јуни 2023 година и завршува на 31 август 2023 година.

*8.1.1. Еколошки календар*

| Во состав на календарот за работа е и еколошкиот календар во кој се вметнати деновите кои се значајни за екологијата. | | | |
|---|---|---|---|
| **5 март** | **Светски ден за заштеда на енергија** | **5 јуни** | **Светски ден за заштита на животната средина** |
| **22 март** | **Светски ден за заштеда на водите** | **16 септември** | **Светски ден за заштита на озонската обвивка** |
| **7 април** | **Светски ден на здравјето** | **22 септември** | **Меѓународен ден без автомобили** |
| **22 април** | **Светски ден на планетата** | **08 октомври** | **Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата** |
| **15 мај** | **Светски ден за заштита на климата** | **15 октомври** | **Меѓународен ден на пешаците** |
| **31 мај** | **Светски ден против пушењето** | **16 октомври** | **Меѓународен ден на храната** |
| **Ден на акција на еко-училиштата** – се реализира двапати во текот на една учебна година | | | |

*8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите*

| Одделенска настава | | |
|---|---|---|
| **Наставник** | **Одделение** | **Фонд на часови** |
| НН | $I^{1}$одделение | |
| Светлана Петреска | $I^{2}$ одделение | 18 |
| Милена Крстеска | $I^{3}$ одделение | 18 |
| Весна Илиевска | $III^{1}$ одделение | 21+1 |
| Смиљана Врапчароска | $III^{2}$ одделение | 21+1 |
| НН | $III^{3}$ одделение | 21+1 |
| Весна Трајкоска | $IV^{1}$ одделение | 23+1 |
| Зора Цветаноска | $IV^{2}$ одделение | 23+1 |
| Катарина Данилоска-Стојкоска | $IV^{3}$ одделение | 23+1 |
| НН | $V^{1}$ одделение | |
| НН | $V^{2}$ одделение | |
| Бошко Лазаровски | $V^{3}$ одделение | 20+1 |
| Елизабета Колоска | $II^{1}$ одделение | 21+1 |
| Радмила Велјаноска | $II^{2}$ одделение | 21+1 |
| Валентина Лазаревска | $II^{3}$ одделение | 21+1 |
| Лазо Стојаноски | II и III одделение | 12 |
| НН | II одделение | 3 |
| НН | II и I одделение | 12 |

| Предметна настава | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Наставник** | | **Предмет** | **Одделение** | **Фонд на часови** |
| 1. | Цена Илиоска | Македонски јазик | $VIII^{3,}$<br>$VI^{1, 2, 3,4}$ | 20 |
| 2. | Елизабета Арсоска | Македонски јазик | $VIII^{1}$<br>$VII^{1, 2, 3, 4}$ | 20 |
| 3. | Александра Спасевска | Македонски јазик | $VIII^{2,4}$<br>$IX^{1, 2, 3, 4}$ | 24 |
| 4. | Иванка Анѓелеска | Англиски јазик | $VI^{1, 2, 3,4}$<br>$V^{1,2,3,}$ | 21 |
| 5. | Јасмина Трајкоска | Англиски јазик | $VII^{1, 2, 3, 4}$<br>II – 1,2,3<br>I – 1,2, | 22 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Ели Настеска- Степаноска | Англиски јазик | IX$^{1, 2, 3, 4}$ IV$^{1, 2, 3}$ | 21 |
| 7. | НН | Англиски јазик | VIII$^{1, 2, 3, 4}$ III- 1,2,3 I -3 | 23 |
| 8. | Катерина Лазороска | Германски јазик | VI$^{1, 2, 3}$ | 6 |
| 9. | Амра Бајрамоска | Германски јазик | VII$^{1, 2,3,4}$ VIII$^{1, 2, 3, 4}$ IX$^{1, 2, 3, 4}$ | 24 |
| 10. | Невена Сајкоска | Математика | VII$^{1,2,3,4}$ VIII$^{1}$ | 20 |
| 11. | Кети Наумоска | Математика | VI$^{1, 2, 3,4}$ | 20 |
| 12. | Билјана Матеска | Математика | VIII$^{2}$ IX$^{1, 2, 3, 4}$ | 20 |
| 13. | Слаѓана Јосифоска | Физика | VIII$^{1, 2, 3,4}$ IX$^{1, 2, 3}$ | 14 |
| | Слаѓана Јосифоска | Природни науки | VII$^{1, 2, 3,4}$ | 8 |
| 14. | Силвана Димоска | Биологија | VIII$^{1, 2, 3, 4}$ VII$^{1, 2, 3,4}$ VI$^{1, 2, 3}$ | 22 |
| 15. | НН | Хемија | IX$^{1, 2, 3,4}$ VIII$^{1, 2, 3}$ | 14 |
| | НН | Природни науки | VI$^{1, 2, 3}$ | 6 |
| 16. | Орце Наумоски | Географија | VII$^{1, 2, 3,4}$ VIII$^{1, 2,}$ VI$^{1, 2, 3,4}$ | 20 |
| 17. | Игор Јаковлески | Географија | VIII$^{3,4}$ IX$^{1, 2, 3, 4}$ | 12 |
| | Игор Јаковлески | Вештини за живеење- изборен | VIII ,2,3,4 IX$^{3}$ | 8 |
| 18. | Виолета Сталеска | Историја | VIII$^{1, 2, 3, 4}$ IX$^{1, 2, 3, 4}$ VI$^{1, 2, 3}$ | 22 |
| 19. | Мито Јовески | Историја | VII$^{1, 2, 3, 4}$ VI 4 | 10 |
| 20. | Билјана Кочоска | Граѓанско образование | IX$^{1, 2, 3,4}$ VIII$^{1, 2, 3,4}$ | 4 4 |
| | Билјана Кочоска | Етика | VII$^{1, 2, 3, 4}$ | 4 |
| | Билјана Кочоска | Запознавање на религиите изборен | VI$^{1, 2, 3, 4}$ | 8 |
| | | | | |
| 21. | Виолета Темелкоска | Техничко образование | V$^{1, 2, 3}$ VII$^{1, 2, 3, 4}$ | 11 |
| | Виолета Темелкоска | Техничко образование – | VIII$^{1, 2, 3, 4}$ | 8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | изборен | | |
| | Виолета Темелкоска | Вештини за живеење-изборен | VIII $^{1}$ | 2 |
| 22. | Богдан Мицкоски | Информатика | VII$^{1, 2, 3, 4}$ VI$^{1, 2, 3, 4}$ | 12 |
| | Богдан Мицкоски | Проекти од информатика-изборен | IX$^{4}$ | 2 |
| | Богдан Мицкоски | ЕСАРУ | | 6 |
| 23. | Валентина Л. Грѓан | Ликовно образование | VII$^{1, 2, 3, 4}$ VIII$^{1, 2, 3, 4}$ IX$^{1, 2, 3,4}$ VI$^{1, 2, 3,4}$ | 16 |
| | Валентина Л. Грѓан | Проекти од ликовна уметност-изборен | IX$^{1,2}$ | 4 |
| 24. | Весна Стефаноска | Музичко образование | VI$^{1, 2, 3, 4}$ VII$^{1, 2, 3, 4}$ VIII$^{1, 2, 3,4}$ IX$^{1, 2, 3,4}$ | 16 |
| | Весна Стефаноска | Хор Оркестар | комбинирано | 3 3 |
| 25. | Димитар Ристоски | ФЗО | VIII$^{1, 2, 3, 4}$ IX$^{1, 2, 3,4}$ | 24 |
| 26 | Иво Дамчески | ФЗО | VI$^{1, 2, 3, 4}$ VII$^{1,2, 3,4}$ | 24 |
| 27 | НН | ФЗО | II$^{2,3}$ ,III$^{1,2,3}$,IV$^{1,2,3}$ | 24 |
| 28 | Александра Костадиноска | Иновации | IX$^{1, 2, 3,4}$ | 4 |

Има сè уште нераспределени часови кои, поради надминатиот фонд на часови треба да се одредат на ниво на општина, а тие се: 6 часа по Германски јазик во IXодделение во,4 часа Иновации во IX одд.,8 часа Математика во VIII одд 10 часа Историја во VI одд.

| **Поделба на класно раководство** | |
|---|---|
| **Класен раководител** | **Одделение** |
| Иванка Анѓелеска | VIодделение |
| Виолета Сталеска | VIодделение |
| Цена Илиоска<br>Сандријана Мицкоска | VIодделение<br>VIодделение |
| Амра Бајрамоска | VII одделение |
| Елизабета Арсоска | VII одделение |
| Јасмина Трајкоска | VII одделение |
| Валентина Лескароска Грѓан | VIIодделение |
| Невена Сајкоска | VIIIодделение |
| Александра Спасевска | VIIIодделение |

| | |
|---|---|
| Силвана Димовска | VIIIодделение |
| Кети Наумоска | VIIIодделение |
| Слаѓана Јосифоска | IXодделение |
| Билјана Матеска | IXодделение |
| Ели Настеска Степаноска | IXодделение |
| Виолета Темелкоска | IXодделение |

8.3. Работа во смени

Во училиштето се организира настава во две смени со промена на две недели. Во едната смена се организира настава за учениците од одделенска настава, а во другата смена за учениците од предметна настава.

Наставното време во првата смена започнува во $7^{00}$ часот, а за втората смена во $13^{00}$ часот. Распоредот на наставното време е даден со следниот преглед:

| | **ПРВА СМЕНА** | | | | **ВТОРА СМЕНА** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Час** | | **Одмор** | | **ЧАС** | | **ОДМОР** |
| 1 | 7:00 | 7:40 | 5мин | 1 | 13:00 | 13:40 | 5мин |
| 2 | 7:45 | 8:25 | 15мин | 2 | 13:45 | 14:25 | 15мин |
| 3 | 8:40 | 9:20 | 5мин | 3 | 14:40 | 15:20 | 5мин |
| 4 | 9:25 | 10:05 | 5мин | 4 | 15:25 | 16:05 | 5мин |
| 5 | 10:10 | 10:50 | 5мин | 5 | 16:10 | 16:50 | 5мин |
| 6 | 10:55 | 11:35 | 5мин | 6 | 16:55 | 17:35 | 5мин |
| 7 | 11:40 | 12:20 | | 7 | 17:40 | 18:20 | |

*8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата*

| **Наставен јазик** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **НАСТАВЕН ЈАЗИК-МАКЕДОНСКИ** | **НАСТАВЕН ЈАЗИК-АЛБАНСКИ** | **НАСТАВЕН ЈАЗИК-ТУРСКИ** | **НАСТАВЕН ЈАЗИК-СРПСКИ** |
| **БРОЈ НА ПАРАЛЕЛКИ** | 31 | | | |
| **БРОЈ НА УЧЕНИЦИ** | 644 | | | |
| **БРОЈ НА НАСТАВНИЦИ** | 40 | | | |

*8.5. Проширена програма*

Во училиштето се реализира проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование. Проширената програма опфаќа: Прифаќање и заштита на учениците од I, II, III одделение еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршување на редовната настава, во согласност со родителот.

*8.6. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште*

Прв задолжителен странски јазик којшто се изучува во ООУ „Кузман Јосифоски – Питу“ – Кичево е *англиски јазик,* се изучува од I до IX, односно го изучуваат сите ученици.

Втор задолжителен странски јазик е *германски јазик* и го изучуваат ученици од VI до IX одделение, односно ученици.

*8.7. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение*

1. Лазо Стојаноски – тандем професор во Iи II$^{1}$ одделение.
2. Во тек е постапка за избирање на тандем наставник по ФЗО за II$^{2,3}$ ,III$^{1,2,3}$одд.и во IV$^{1,2,3}$ одд.

*8.8. Изборна настава*

На крајот на наставната 2022/2023 година на учениците им беа понудени изборни предмети за учебната 2022/2023 година. Наставата се организира и изведува според програми за задолжителни и изборни наставни предмети што се изучуваат според Наставниот план за основното образование. Со постојните материјално, технички и кадровски услови во нашето училиште оваа учебна година ќе бидат застапени следните изборни предмети:Запознавање на религии, Проекти од ликовна уметост, Вештини на живеење, Проекти од информатика,

| Наставен предмет | Одделение и паралелки | Име и презиме на наставник | Неделен фонд |
|---|---|---|---|
| **Деветгодишно основно образование** | | | |
| **?????????Во IV одделение со новиот наставен план сеуште не се определени изборни предмети** | | | |
| **Творештво** | V | Наставниците од V одделение | 3 x 1 = 3 |
| **Запознавање на религиите** | VI$^{1,2,3,4}$ | Билјана Кочоска | 4 x 2 = 8 |
| **Проект од ликовна уметност** | IX $^{1,2,3}$ | Валентина Л. Грѓан | 3 x 2 = 6 |
| **Техничко образование** | VII$^{1,2,3,4}$ | Виолета Темелкоска | 4 x 2 = 8 |
| **Вештини за живеење** | VIII$^{1}$<br>VIII$^{4}$ | Игор Јаковлески<br>Виолета Темелкоска | 1 x 2 = 2<br>1 x 2 = 2 |
| **Проекти од информатика** | IX3 | Богдан Мицкоски | 1 x 2 = 2 |

*8.9. Дополнителна настава*

Дополнителната настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети, за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците. За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава, одделенскиот односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето во рок 3 дена од констатирањето на потребата.

Основното училиште на месечна основа изготвува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница. Организацијата и начинот на спроведување на дополнителната настава ги уредува министерот на предлог на Бирото.

*8.10. Додатна настава*

Додатната настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Додатната настава за учениците, наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат. Се реализира со

учениците кои покажаа посебен интерес и натпросечни резултати по одделни наставно-научни дисциплини и исто така се изведува според месечен распоред.

Основното училиште на месечна основа изготвува распоред за додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница. Организацијата и начинот на спроведување на додатната настава ги уредува министерот на предлог на Бирото.

*8.11. Работа со надарени и талентирани ученици*

Надарените и талентираните ученици, се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста по правило, се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика, јазици, додека пак, талентираноста по правило се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт. Секој наставник, освен часовите кои ги одржува во рамките на својот неделен фонд на часови, поминува неделно уште пет работни часа во директна работа со ученици за да се реализираат дополнителната и додатната настава, работата со талентираните и надарените ученици, работата на секциите и вonнаставните активности.

Стручната служба во соработка со наставниците ги идентификува надарените и талентирани ученици, подготвува програма во месец септември, при што се има во предвид дека основна ориентација во програмите е како повеќе да се учи и доаѓа до сознанија.

Секој наставник изработува индивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, во која се вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со ПП службата. Секој наставник со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, треба да изработи диференцирани наставни планови кои видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици. Тие содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареност и возраста на ученикот. Наставникот преку овие наставни програми за надарени деца треба да е во улога на соработник; наставниот диференциран програмски курикулум да е флексибилен и прилагодлив за наставниците кон секој ученик или група на ученици. Преку практична реализација на диференцираните планови и програми како и преку практичната реализација на работните вежби наменети за понапредните ученици би се афирмирал поквалитетен педагошки третман за овие ученици како во рамките на редовната настава по информатика, додатната настава и слободните ученички активности.

Активностите кои стручната служба ги планира за учебната 2022/2023 се предадени во табелата што следи:

| | **ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ** | **РЕАЛИЗАТОР** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ И ЕФЕКТИ** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Изработка на годишна програма за работа | Наставник, педагог, психолог, дефектолог | Август | - Вербално-текстуален<br>- Илустративно - демонстративен | Селектирање на приоритетни активности за потребите на едукација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - Дискусија | и работа со талентираните ученици |
| **2** | Презентација на годишната програма за работа | Наставник, педагог, психолог, дефектолог | Септември | - Вербално-текстуален<br>- Илустративно - демонстративен<br>- Дискусија | Правилно препознавање на надарените ученици и нивно селектирање за потребите на нивната понатамошна едукација |
| **3** | Презентација и работилница на тема „Зошто надарените деца/ ученици остануваат непрепознаени“ | Наставник, педагог, психолог, дефектолог | Ноември | - Вербално-текстуален<br>- Илустративно - демонстративен<br>- Дискусија | Изготвување на модели за работа со надарени ученици и јакнење на нивната мотивацијата |
| **4** | Евалуација на работата со надарените ученици во првото полугодие од учебната 2022/23 | Наставник, педагог, психолог, дефектолог | Јануари | Панел дискусија | Опис на организација на работата со надарените ученици |
| **5** | Промовирање на работата со талентирани ученици преку работата на секцијата “Млади јазичари“ | Наставник, педагог, психолог, дефектолог | Февруари | - Вербално-текстуален<br>- Илустративно - демонстративен<br>- Дискусија | Промовирање на стратегии за развој и усовршување на работа со талентираните ученици од областа на општествени науки |
| **6** | Промовирање на работата со талентирани ученици преку работата на секцијата “Млади математичари“ | Наставник, педагог, психолог, дефектолог | Март | - Вербално-текстуален<br>- Илустративно - демонстративен<br>- Дискусија | Промовирање на стратегии за развој и усовршување на работа со талентираните ученици од областа на природните науки |
| **7** | Изработка и дистрибуција на информатор на тимот за работа со талентирани ученици | Наставник, педагог, психолог, дефектолог | Април | - Илустративно - демонстративен | Креирање на стручно помагало во работата со талентирани ученици |
| 8 | Изработка и промоција на фб страната на тимот за работа со талентирани ученици | Наставник, педагог, психолог, дефектолог | Мај | - Илустративно - демонстративен | Креирање на современа алатка за работата со талентирани ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Анализа на постигањата на тимот за работа со надарени деца | Пленарно | Јуни | - Вербално-текстуален<br>- Илустративно - демонстративен<br>- Дискусија | Вреднување на придобивките во работата на тимот |

### *6.12. Работа со ученици со посебни образовни потреби*

Учениците со ПОП се ученици со попреченост, кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите.

Исто така, тоа се ученици со нарушување на однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето.

Во нашето училиште во учебната 2016/2017 година, за прв пат е формиран инклузивен тим за поддршка, работа и грижа за учениците со посебни образовни потреби. Изработена е програма за работа со учениците со посебни образовни потреби, која постојано се надополнува според потребите на учениците.

Од страна на училишниот дефектолог, со поддршка со инклузивниот тим ќе биде изработен индивидуален образовен план (во натамошниот текст ИОП) за секое дете со ПОП како официјален пишан документ каде што сме препознале дека на детето му треба дополнителна поддршка во учењето, преку редовни подготовки за прилагодување и користење на различни методи во различни наставни содржини, видови на работа, визуелни помагала и слични приспособувања, кои го олеснуваат и ги отстрануваат бариерите за учење и учество во паралелката.

Инклузијата во основните училишта бара флексибилност во наставата и наставната програма, како и наставниот пристап кон самите ученици со чувство за различните потреби на учениците со посебни образовни потреби. Исто така бара и време за да се развие култура на прифаќање на еднаквост, социјална правда и почитување на разновидноста помеѓу учениците.

Инклузивното образование, во целост се подразбира како процес преку кој училиштата се обидуваат да одговорат на сите ученици како индивидуи преку реструктуирање на нивната организација и подготовка на курикулуми и доделување ресурси со цел зголемување на еднаквоста на можности.

Преку овој процес, училиштата ги градат своите капацитети за прифаќање на сите ученици од локалната заедница, кои сакаат да се запишат, и преку тоа, ги намалуваат сите видови на исклученост и понижување на учениците, дали е тоа поради одредена попреченост, етничка припадност, или нешто друго што би го направило училишниот живот за некои ученици непотребно тежок.

Инклузијата, односно вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во редовните училишта се состои во:

- ✓ Еднакво вреднување на сите ученици;
- ✓ Зголемено учество на сите ученици, односно намалено исклучување на учениците од културата, од наставната програма и од заедниците во училиштето;

✓ Реструктуирање на културите, на политиките и на практиките во училиштата на начин што ќе овозможи тие да одговараат на различностите на учениците од локалната средина;

✓ Намалување на бариерите за учење и вклучување на сите ученици, а не само на оние што имаат потешкотии или на оние што се распоредени како „ученици кои имаат посебни образовни потреби“;

✓ Учење преку обиди да се надминат бариерите за пристап и учество на одредени ученици, со цел да се направат промени што ќе доведат до придобивки за поширока маса на ученици;

✓ Воочување на разликите во доживувањето на учениците како ресурси на кои им треба поддршка во учењето, а не како проблем што треба да биде надминат;

✓ Признавање на правото на образование на учениците во нивната општина;

✓ Подобрување на училиштата како за персоналот така и за учениците;

✓ Истакнување на улогата на училиштата во градење средина и развивање вредности, како и во зголемување на постигнувањата;

✓ Поттикнување меѓусебни одржливи врски помеѓу училиштата и општините;

✓ Препознавање на инклузијата во образованието како еден од аспектите на инклузија во општеството.

| ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активности за ученици со посебни образовни потреби | **Содржински активности** | **Цели** | **Реализатор** | **Временска рамка** |
| | Запознавање на учениците со посебни образовни потреби | Прифаќање на учениците со ПОП во училишната средина | Наставници, Дефектолог | Септември - октомври |
| | Идентификација на ученици со посебни образовни потреби | Изготвување на соодветна евиденција за учениците со ПОП согласно нивните потешкотии и можности | Наставници, дефектолог, психолог, педагог | Септември - октомври |
| | Задоволување на потребите на учениците со ПОП од технички аспект | Адаптирање на училниците | Стручни соработници, наставници, директор | Континуирано |
| | Психолошка и дефектолошка проценка на учениците со ПОП | Согледување на индивидуалните можности на учениците со ПОП | Дефектолог, Психолог | Септември - октомври |
| | Изработка на ИОП | Диференцијација на воспитно-образовната програма | Наставници, Инклузивен тим | Септември - октомври |
| | Следење на напредувањето на учениците по завршувањето на секој квалификационен период | Постигнувањата на учениците на секој 3 месеци | Наставници, Инклузивен тим | Континуирано |
| | Индивидуална работа со ученици со посебни образовни потреби | Совладување на наставни содржини преку индивидуална работа | Дефектолог, Психолог | Континуирано |
| | Инструктивно советодавна работа со ученици кои имаат соученици со посебни образовни потреби (презентација, работилница) | Прифаќање на учениците со ПОП без отфрлања и дискриминирање | Дефектолог, ученици | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Вклучување на ученици со ПОП во одбележување на значајни датуми и јубилеи | Презентација на ученички изработки- мотивирање | Дефектолог, ученици | Континуирано |
| | Поддршка на наставниците при планирање за активностите на часовите во паралелките во кои има вклучено ученици со посебни образовни потреби | Полесно совладување на диференцирани цели и задачи – усвојување на наставна содржина | Наставници, Дефектолог, Психолог | Континуирано |
| | Поддршка и индивидуално советодавно- консултативни средби со наставниците за успешна реализација на диференцираните цели предвидени за наставниот час | Подобрување на пристапот и успехот на учениците со ПОП | Наставници, Дефектолог | Континуирано |
| | Соработка со родителите на ученици со ПОП | Интегрирање на родителите да бидат значајни учесници во тимскиот процес | Наставник, Инклузивен тим | Континуирано |
| | Советодавно- консултативна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби | Подобрување на состојбите на ученикот и стручни совети и упатства за вежби во домашни услови | Дефектолог | Континуирано |
| | Досие за секој ученик поединечно | Континуирано следење на развојот на децата со ПОП | Дефектолог | Континуирано |
| | Извештај за работата со ученици со ПОП на крајот од секое тромесечје | Ревидирање на целите од ИОП | Наставници, Дефектолог | Континуирано |
| | Професионална ориентација на ученици со ПОП (ученици од 9-то одделение) | Подобрување на информираноста за условите за запишување во СУ, Насоки за правилен избор за понатамошното образование | Дефектолог, Психолог | Континуирано |

* Програмата за работа на ученици со посебни образовни потреби може да претрпи промени во зависност од потребите на учениците во текот на учебната 2022/2023 година.

## 7. Вонаставни активности

*9.1. Училиштни спортски клубови*

Во рамките на нашето училиште постојат неколку спортски екипи кои континуирано години наназад егзистираат и забележуваат одлични резултати. Освен училишните спортски екипи, забележителни резултати постигнуваат и нашите спортисти кои се натпреваруваат во поединечните спортови.

Во учебната 2022/2023 година во нашето училиште ќе работат следните спортски екипи и секции:

- Екипа во футсал ( машки )
- Екипа во ракомет( машки и женски)
- Пинг – понг (машки и женски)
- Шах (машки и женски)

Екипите и поединците годинава ќе настапуваат на општинските, регионални и државните натпревари. Подготовките и тренинзите ќе се одвиваат континуирано во текот на целата учебна

година, во зависност од распоредот, акцент ќе се става на претстојните натпревари. Учениците кои ќе земат учество во спортските екипи и секции претходно ќе бидат селектирани од одговорните наставници по физичко и здравствено образование. Активностите и постигнувањата во голема мера ќе зависат од состојбата со КОВИД 19.

*9.2. Секции/клубови*

Задачите на слободните ученички активности се: да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците; учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување; да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски; да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време.

Слободните ученички активности се реализираат на наставни часови предвидени со распоредот на часови. Учесниците во слободната активност сочинуваат една група или секција и тоа:

- Литературна секција;
- Драмска секција;
- Новинарска секција;
- Млади јазичари- англиски;
- Млади јазичари - германски;
- Млади математичари;
- Млади физичари;
- Млади хемичари;
- Млади историчари;
- Млади биолози;
- Млади географи;
- Млади информатичари;
- Млади техничари;
- Футсал и шах;
- Ракомет и пинг понг;
- Ликовна секција.

| | **СЕКЦИИ** | **ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ** |
|---|---|---|
| 1 | Литературна секција | Цена Илиоска |
| 2 | Драмска секција | Александра Спасевска |
| 3 | Новинарска секција | Елизабета Арсоска |
| 4 | Млади јазичари – англиски јазик | Иванка Анѓелеска |
| 5 | Млади јазичари – германски јазик | Амра Бајрамоска |
| 6 | Млади математичари | Кети Наумоска |
| 7 | Млади физичари | Слаѓана Јосифоска |
| 8 | Млади хемичари | НН |
| 9 | Млади историчари | Виолета Сталеска |
| 10 | Млади биолози | Силвана Димоска |
| 11 | Млади географи | Орце Наумоски |
| 12 | Млади информатичари | Богдан Мицкоски |
| 13 | Млади техничари | Виолета Темелкоска |
| 14 | Футсал и шах | Иво Дамчески |
| 15 | Ракомет и пинг понг | Димитар Ристоски |
| 16 | Ликовна секција | Валентина Лескароска Грѓан |

*9.3. Акции*

Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за паралелки во II одд. за идивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способностите на учениците. Вонаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето.

Со цел зајакнување на демократската клима во училиштето, во текот на првото полугодие од учебната 2022/23 година, ќе се спроведе Отворен ден за граѓанско образование чија намена е да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Истовремено, активноста ќе придонесе во промоција на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со пошироката заедница.

| Учебна 2022/2023 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Временска рамка | | | | | | Следење | | |
| **Задача** | **Активност** | **9** | **10** | **11** | **12** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Очекувани резултати** | **Одговорни лица** | **Буџет** |
| Зајакнување на демократската клима во училиштето | Реализација на Отворен ден за граѓанско образование | подготовка | x | x | Реализација | Училишно раководство<br>Стручна служба<br>Наставник по ГО | Презентации од ученици за придобивките од ГО<br><br>Дискусии/дебати за теми од ГО кои поттикнале интерес кај ученици<br><br>Идентификување на аспекти во училиштето/заедницата кои треба да се подобрат и спроведување ученичка акција за позитивна промена<br><br>Креирање на прирачник од ученичката акција | Поттикнување на одговорност и иницијативност кај учениците<br><br>Промовирање на граѓанските вредности на ниво на целото училиште | Училишно раководство<br><br>Стручна служба<br><br>Наставник по ГО (Инструменти за следење и проценка, листи за учество, фотографии, прашалник за ефектите од активностите) | |

Со цел создавање општествена свест кај младите и еманципирање на учениците во училиштето се организираат посебни програми за одбележување на значајни датуми и тоа:

| **Одбележување на значајни датуми за учебна 2022/2023** | | |
|---|---|---|
| 1 | Прв училиштен ден | 1ви Септември |
| 2 | Ден на независноста | 8ми Септември |
| 3 | Ден на ослободувањето на Кичево | 11ти Септември |
| 4 | Светски ден на глобално чистење | 15ти Септември |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Ден против насилството | 21ви Септември |
| 6 | Месец на штедење | Октомври |
| 7 | Прием на првачиња во Детската организација | 1-ва недела од Октомври |
| 8 | Ден на гладта | 16ти Октомври |
| 9 | Месец на книгата | Октомври |
| 10 | Ден на Македонската Револуционерна Борба | 23ти Октомври |
| 11 | Меѓународен ден за правата на децата | 20ти Ноември |
| 12 | Денот на благодарноста (Thanksgiving) | 22ри Ноември |
| 13 | Светски ден за децата со ПОП | 3ти Декември |
| 14 | Свети Климент Охридски | 8 ми декември |
| 15 | Новогодишен хепенинг | Декември |
| 16 | Ден на училиштето | 25ти Февруари |
| 17 | Денот на жената | 8ми март |
| 18 | Денот на бубрегот | 9ти март |
| 19 | Денот на среќата | 20ти март |
| 20 | Денот на пролетта и Денот на екологијата | 21ви март |
| 21 | Светски ден за заштеда на водата | 22ри март |
| 22 | Ден на борба против расна дискриминација | 22ри март |
| 23 | Светски ден на поезијата | 21ви март |
| 24 | Ден на шегата | 1ви април |
| 25 | Денот на Ромите | 6ти април |
| 26 | Денот на планетата Земја | 22ри април |
| 27 | Велигденски хепенинг | Април |
| 28 | Ден на трудот | 1 мај |
| 29 | Свети Кирил и Методиј | 24 мај |
| 30 | Светски ден за борба против пушењето | 31ви мај |

Посебно внимание се посветува на општествено-хуманитарната работа во училиштето. Општествено – хуманитарната работа со учениците придонесува кај нив да се развива љубов и позитивен однос кон работата и чувство за одговорност при работата. Преку активностите од ова воннаставно подрачје се создава пријатна атмосфера во училиштето, училницата и училишниот двор. Исто така кај учениците се развиваат навики за грижа, хигиена, уредување и чување на училишниот простор и неговата околина, се поттикнува позитивен однос кон работата, хуманост, солидарност и позитивен однос кон другарчињата од своето училиште и надвор од него.

Организирање работилници со родители и ученици за изработка на предмети-украси наменети за хепенинг. Организирање собирни акции на храна и вода, облека, училиштен прибор, пари. Одбележување на Ден на училиштето како и празници според календар и подготовки за истите.

| ПЛАНИРАНА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | ЗА КОГО ИЛИ ПРЕД КОГО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ОСТВАРЕНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Уредување на училниците и училиштето по повод првиот училиштен ден - Прием на првачиња | Август-Септември | одговорни наставници и ученици | пред ученици, родители и други гости | пријатна атмосфера и позитивни чувства на првиот училиштен ден |
| Одгледување и грижа за цвеќињата | Октомври | одговорни наставници и ученици | ученици, родители и наставници | создавање навики за нега, грижа и љубов кон цвеќињата |
| Садење садници и | Ноември | одговорни | ученици, | организирана работа и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| уредување на училишниот простор по повод Ден на дрвото | | наставници и ученици | родители, наставници и други гости | чиста околина |
| Посета на стари и изнемоштени лица по повод неделата за грижа на стари и изнемоштени лица(во соработка со тимот од ПЦК) | Ноември | одговорни наставници и ученици | ученици и родители | грижа, љубов, хуманост и позитивен однос кон старите лица |
| Собирна акција на стара хартија и пластика | Во текот на цела учебна година | одговорни наставници и ученици | за одделенските раководители, ученици, родители | љубов и позитивен однос кон работата, заштита на животната средина (рециклирање) |
| Украсување на училиштето по повод Нова година и Новогодишен хепенинг | Декември | одговорни наставници и ученици | пред ученици, родители, наставници и други гости | пријатен амбиент по повод Новогодишните празници и собирање средства за потребите на училиштето |
| Собирна акција под мото „**За моето другарче**“ - облека и училиштен прибор | Февруари | одговорни наставници и ученици | за ученик | љубов, хуманост и позитивен однос кон другарчињата |
| Уредување на училиштето по повод патрониот празник на училиштето | Февруари | одговорни наставници и ученици | ученици, родители, наставници и гости | Позитивна атмосфера за патрониот празник |
| Средување и уредување на училишниот двор-садење на цвеќиња и дрвца по повод Денот на пролетта и Ден на екологија | Март | одговорни наставници и ученици | ученици и наставници | развивање навики за работа со алат и љубов кон Екологијата-чиста и здрава животна средина |
| Велигденски хепенинг | Април | одговорни наставници и ученици | пред ученици, родители, наставници и други гости | пријатен амбиент и собирање средства за потребите на училиштето |
| Од семе до дрвце | Мај | одговорни наставници и ученици | пред ученици, наставници | љубов и позитивен однос кон работата, грижа кон животната средина и чистиот воздух |
| Собирање на учебници | Јуни | одговорни наставници и ученици | за ученици | Развивање навики за повторна употреба на користен материјал |

## 8. Ученичко организирање и учество

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Начинот на ученичкото организирање се уредува со Статутот на училиштето. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.

Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето. Ученичкиот парламент:

- *активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците;*

- *го промовира ученичкиот активизам;*

- *учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности;*

- *учествува во подготовката на годишната програма за работа*;

- *дава предлог активности за годишните програми за екскурзии;*

- *дава предлози за воннаставни активности на училиштето;*

- *дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард;*

- учествува во евалуацијата на работата на училиштето;

- *преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет;*

- *организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.*

Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање.

**Одделенска заедница:** На првиот одделенски час од учебната година, класниот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите за избор на претседател, заменик претседател и другите постојани и повремени тела на одделенскатазаедница.

На вториот одделенски час од учебната година се пријавуваат кандидатите кај одделенскиот/класниот раководител. Можат да се кандидираат и ученици кои и претходно биле претседатели на одделението. Кандидатите мора да ги имаат пополнето следниве документи:[1]*Формулар за пријавување за избор на претседател на одделение*;[2]*Листа со потписи за поддршка*;*Мотивациско писмо.*

На третиот класен час се спроведува процедурата за избор на претседател на одделенска заедница (непосредни избори). Изборот се спроведува доколку има присуство од 2/3 од вкупниот број на ученици.

За избран претседател се смета кандидатот кој има освоено најголем број гласови од вкупниот број на ученици од иста класна заедница. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат освоен ист најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има повеќе гласови.За заменик претседател се избира следниот кандидат со најголем број на гласови, од различен пол од претседателот, доколку постои таков кандидат. Доколку не постои, се избира наредниот кандидат со најголем број на гласови.

Право да поднесе пријава за претседател на одделенска заедница има секој редовен ученик кој има писмена поддршка од најмалку 1/5 од вкупниот број ученици од иста одделенска заедница.

Пријавата од овој став се поднесува доодделенскиот / раководителот на паралелката. Пред да се започне со постапката на избор на претседател на одделенската заедница, одделенскиот/раководителот на паралелката ги повикува пријавените кандидати за претседатели.Одделенскиот/раководителот на паралелката на увид на учениците им гидоставува апликациите, листата со потписи и мотивационите писма.Пријавените кандидати за претседатели ги читаат мотивационите писма (5 минути).Учениците гласаат по што, според добиените резултати од изборите, се оформува претседателството.

Работата на одделенскатазаедница ја води претседателот на одделението. Претседателот на одделенската заедница: ги претставува учениците од одд. заедница во ученичкиот парламент и пред другите органи на училиштето;ги информира учениците од одд. заедница за работите за кои се одлучува во ученичкиот парламент; организира расправи во одделението за конкретни прашања и проблеми (по сопственаиницијатива или по иницијатива на другите ученици);присуствува на родителските средби;се грижи за мирно решавање на споровите во паралелката;соработува со претседателите на другите одделенски заедници ;соработува со постојаните и повремените комисии и учествуваворабот атана ученичкиот парламент.

**Ученичкиот парламент** е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а составен е од претседателите (и замениците) на одделенските заедници во училиштето.

Конститутивната седница на ученичкиот парламент се одржува во последната работна недела во месец септември, поточно на 26.9.2022 година. Датумот на одржување на конститутивната седница се определува со годишниот план и програма за работа на училиштето. Со конститутивната седница на ученичкиот парламент претседава највозрасниот претседател на одделенска заедница.

Изборот на претседател на ученички парламент е прва точка на конститутивната седница на ученичкиот парламент. На конститутивната седница се избира комисија од тројца членови која го спроведува изборот на претседател на ученички парламент. Секој претседател на одделенска заедница пред почетокот на расправата за првата точка може да се кандидира за претседател на ученичкиот парламент, со поднесување на пријава до претседавачот со конститутивната седница.Мандатот на претседател на ученичкиот парламент изнесува една учебна година, со право на еден реизбор.

Гласањето за претседател на ученички парламент се одвива тајно.

Гласањето може да се одржи само доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на претседатели на одделенски заедници.

По изборот на претседател на ученичкиот парламент, тој го презема раководењето на седницата на ученичкиот парламент.

На претседателот на ученичкиот парламент во неговата работа му помагаат заменик претседател кој се избира од редот на координатори на учебни години и секретар на ученичкиот парламент.

Постапката за изборот на заменик претседател и секретар на ученичкиот парламент се врши на ист начин како и изборот на претседател на ученички парламент.

**Други тела на училишната заедница:** *Координативно тело на ученичкиот парламент*

Координативното тело на ученичкиот парламент е составено од координаторите на учебните години, двајца претставници-наставници именувани од страна на директорот на училиштето и секретарот на ученичкиот парламент. Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст. Во месеците кога учениците се на годишен распуст, седниците се одржуваат на барање на најмалку половина од вкупниот број на претседатели на класни заедници.

Седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент е должен веднаш, а најдоцна во рок од два дена да свика седница на ученичкиот парламент доколку тоа го побараат најмалку половината од вкупниот број на претседатели на одделенски заедници или директорот на училиштето. Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број на претседатели на одделенски заедници.

На седниците на ученичкиот парламент, без право на глас може да учествува секој ученик, директорот на училиштето, училишниот педагог, дефектолог, психолог, други стручни соработници и претставници на родителите од Советот на родители.

Седниците на ученичкиот парламент се одржуваат во соодветна просторија определена од директорот на училиштето или во просторијата каде се одржуваат седниците на стручните органи и тела на училиштето. Ученичкиот парламент може да донесе одлука за одржување на седница и на друго место.

Ученичкиот парламент: ги донесува Правилникот за работа на одделенските заедници и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Координативното тело на ученичкиот парламент; активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето; активно учествува за промовирање, заштита и застапување на правата и интересите на учениците; го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации; соработува со институциите и другите организации кои работат со младите.

**Ученик правобранител:** *Постапка за избор на ученик правобранител*

Ученик правобранител е ученичка функција и должност која претставува модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето.

Бидејќи мандатот трае 2 години, а поради заминување во средно училиште на ученикот правобранител, оваа учебна година повторно треба да се изврши избор на нов ученик правобранител и негови заменици според истата процедура како и за претходните:

Се распишува отворен повик за избор на ученик правобранител и негови заменици. Повикот се објавува на огласните табли и на веб страната на училиштето при што се почитуваат следните насоки:

Повикот за ученик правобранител и негови заменици се објавува на почетокот од месец октомври;

Во основните училишта за ученик правобранител се препорачува да аплицираат само учениците од VII и VIII одделение (поради мандатот од две години);

За заменици можат да аплицираат и ученици од помладите ученички генерации, односно VI одделение;

Во повикот се означува крајниот датум за поднесување на пријави;

Во повикот се назначува до кого и каде се доставуваат пријавите од страна на учениците;

Во повикот се објаснува процесот на селекција: кој ќе биде вклучен во процесот на селекција, кога и каде ќе се направи финалната селекција и кога ќе бидат објавени резултатите;

Во повикот се објаснува и процесот на обучување на избраните учесници и поддршката која ќе ја добијат од училишниот персонал во текот на спроведувањето на своите обврски.

На однапред договорен состанок Комисијата(директор, педагог, наставници задолжени за УП и еден ученик (претседателот на ученичкиот парламент или негов заменик) одлучува по пријавите за функцијата ученик правобранител и неговите/нејзините заменици. При селекцијата се земаат во предвид одредени критериуми (пол, возраст, основно познавање на детски права, мотивација за пријавувањето,комуникациски и организациски способности,претходно поведение,претходно искуство односно вклученост во вон-наставни активности.

Се препорачува Комисијата да спроведе интервју со пријавените кандидати со цел да ги утврди компетенциите на кандидатите. Комисијата преку гласање селектира Ученик правобранител и неговизаменици. Избраните правобранители потпишуваат изјава за одговорност при спроведувањето на сите активности во состав на нивниот мандат.

**Функцијата и улогата на ученик правобранител**и неговите заменици ќе биде составена од три примарни компоненти:

1. *Промовирање на детските права*. Задачата на ученикот правобранител за промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку промотивни активности (**едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.**). Информации за содржината на работилниците ќе бидат обезбедени од страна на стручната служба во училиштето. Исто така, учениците правобранители и заменицте ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Логистичка помош обезбедува Тимот за Ресурсен Пакет.

2. **Поддршка за заштита на детските права**: Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Учениците правобранители имаат редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент.

Ученикот правобранител треба да подготви и достави месечни извештаи од овие активности до стручната служба. Наодите од извештаите ќе се користат за дизајнирање на идните активности.

Бидејќи работата на Ученичкиот парламент и на Ученикот правобранител се непосредно тесно поврзани, Програмата за работа е заедничка:

| Реден бр. | Активности | Очекувани резултати | Временска рамка | Планиран број часови за | Одговорност |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **активноста** | |
| 1 | Координативен состанок на Тимот за Ресурсен пакет | Договор за работа и изработка на Акциски план | до прва недела од септември 2022 | 2 | Тим за ресурсен пакет |
| 2 | Избор на претседатели на одд.заедници во паралелки од 6-9 одделение | Листа на избрани претседатели и оформени одделенски заедници | До средина на септември 2022 | 2 | Одделенски раководители на паралелки од 6-9 одделение |
| 3 | Избор на Ученик правобранител и заменици | Список на избрани ученици | Средна на октомври | 4 | Комисија за избор |
| 4 | Инфо-ден:Промоција на Ученик правобранител и неговите заменици | Преку промоцијата, поголема информираност на учениците за улогата на Ученик правобранител | Крај на октомври | 2+2 (во двете смени) | Ученик правобранител и негови заменици+ Тим за ресурсен пакет |
| 5 | Состанок на Правобранителот со Педагогот заради водење на евиденција за прекршоци на месечно ниво | Водење и чување на евиденција за прекршоци на ниво на тримесечје | Последна недела од октомври | 1 | Ученик правобранител и педагог |
| 6 | Состанок за оформување на УП | Формирана УП и нејзини тела | До средина на октомври | 2 | Тим за Ресурсен пакет |
| 7 | Координативен состанок со Ученик правобранител и неговите заменици со УЗ за избор на теми за дебата | Листа на теми за три(по можност и повеќе )дебати | До 20 ноември | 2 | Ученик правобранител и УП |
| 8 | Подготовка на тимови за дебата и реализација на истата на тема што во ноември е договорена | Реализирана дебата | До 20 декември | 4 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП |
| 9 | Состанок на Правобранителот со Педагогот заради | Водење и чување на евиденција за прекршоци на | Последна недела од декември | 1 | Ученик правобранител и педагог |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | водење на евиденција за прекршоци на ниво на тримесечје | месечно ниво | | | |
| 10 | Дебата на тема поврзана со одбележување на 5 февруари-Ден на побезбеден интернет | Учење за дебата и нејзина примена, како и градење на сопствен став на дадена тема | Прва недела од февруари | 2 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП |
| 11 | Координативен состанок со Ученик правобранител и неговите заменици со ученици кои беа во Троген за организирање на работилници | Подготовка на работилница (подготовка на материјали,договор за активности) | Средина на март | 2 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП, ученици од размената во Троген |
| 12 | Работилница за детски права со ученици кои беа во Троген и Ученик правобранител (темата ќе произлезе оттаму) | Пренесување искуства од работилниците од Троген | До крај на март | 2 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП, ученици од размената во Троген |
| 13 | Состанок на Правобранителот со Педагогот заради водење на евиденција за прекршоци на месечно ниво | Водење и чување на евиденција за прекршоци на месечно ниво | Последна недела од март | 1 | Ученик правобранител и педагог |
| 14 | Дебата на тема по избор на Ученички парламент | Учење за дебата и нејзина примена, како и градење на сопствен став за дадена тема | До крај на април | 2 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП |
| 15 | Работилница за детски права | Проширување на знаењата за правата на децата | До средина на мај | 2 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП |
| 16 | Активности за одбележување на 4 јуни-Меѓународен ден на деца жртви на насилство | Изработка на постери за трите нивоа на насилство, препознавање и како | До крај на мај и прва недела од јуни | 4 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | да се заштитата децата | | | |
| 17 | Анализа на работата на Тимот за Ресурсен пакет и подготовка на извештај за активностите | Анализа на работата, воочување на силните и слабите страни, извештај | До средина на јуни | 2 | Тим за Ресурсен пакет |

*__Забелешка:__Акцискиот план може да претрпи измени и надополнувања во текот на учебната година според потребите и активностите на Тимот за ресурсен пакет, Ученикот правобранител и Ученичкиот парламент.

**Подмладок на Црвениот крст**: Во училиштето на организиран начин учениците ги остваруваат своите интереси преку одредени форми на ученичко организирање. Во активностите на нивните организации се вклучени наставници кои ги помагаат и подржуваат нивните програмски активности.

**Цели:** Создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи, како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.Развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочувство, толеранција и почитување по пат на разновидни игри и работа, а со тоа здобивање на пријатели и развивање на пријателството.

| **АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ** | **РЕАЛИЗАТОР** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ФОРМИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ** |
| Избор на одделенски активисти од одделенска и предметна настава | Одговорните наставници и ученици од одделенска и предметна настава | Септември | Фронтална | Целосна активност на претставниците на ПЦК |
| Собирна акција во парични средства (доброволен прилог за укажување прва помош за ученици од загрозени семејства) „Денар за мојот другар" | Одговорните наставници и ученици од одделенска и предметна настава | Септември | Групна | Поголем интерес за собирање на доброволен прилог |
| Свечен прием на првачињата во подмладокот на Црвениот Крст (приредба) | Одговорните наставници и ученици од одделенска и предметна настава | Октомври | Групна | Да станат членови на Црвен Крст |
| Недела на грижа на стари и изнемоштени лица - посета на дом за стари лица (приредба) | Активисти на ПЦК од одделенска и предметна настава | Ноември | Фронтална | Развивање на хуманост солидарност и љубов кон старите изнемоштени лица |
| Снабдување на сандачето за прва медицинска помош со лекови и санитетски материјал | Одговорните наставници и ученици од одделенска и предметна настава | Декември | Групна | Развивање интерес за снабдување на сандачето за прва медицинска помош |
| Организирање настава за укажување прва помош континуирано во текот на целата учебна година и подготовка за | Активисти од ЦК Карпош ученици и наставници | Февруари | Групна | Позитивни ефекти од предавањата и натпреварот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| натпревар за прва помош | | | | |
| Одбележување на денот на крводарителството 17 Март (литературни и ликовни творби) и крводарителска акција | Одговорни ученици и наставници од одделенска и предметна настава и родители | Март | Групна | Развивање на хуманост и солидарност |
| Собирна акција во облека и обувки | Ученици и наставници и родители | Април | Групна | Помош на загрозените семејства |
| Вежбовна активност за укажување на прва медицинска помош од повреди при елементарни непогоди | Активисти на ПЦК од одделенска и предметна настава | Април | Обука | Оспособување за укажување прва медицинска помош |
| Одбележување на 8 Мај - Светскиот ден на ЦК, дисеминација на учениците за ширење на знаењата за Црвениот крст-историјат | Активисти од ЦК на град от Кичево | Мај | Предавање Групна работа | Стекнување на знаења за основањето на ЦК и неговата улога во светот |
| Хуманитарни акции во текот на целата учебна година | Активисти на ПЦК од одделенска и предметна настава | Во текот на целата учебна година | Фронтална | Хуманост и солидарност кај учениците и позитивни особини кај личноста |

## 9. Вонучилишни активности

*11.1. Екскурзии, излети и настава во природа*

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 год. е регулирана активноста: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер, чија цел е совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Во текот на учебната година за сите ученици до завршното одделение ќе бидат организирани еднодневни излети (есенски или пролетен),еднодневна екскурзија за учениците од III одд. настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-рекреативна екскурзија со учениците од VI одделение и тродневна наставно-рекреативна екскурзија со учениците од завршното одделение.Исто така планирани се зимска и летна школа за учениците од шесто до деветто одделение.

| ПРОГРАМСКА СОДРЖИНА | ВРЕМЕ | МЕСТО | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | Октомври (I-IXодд.) | По избор во блиската околина | Да овозможи одмор и рекреација на децата |
| Еднодневна наставно-рекреативна екскурзија | Септември, мај III одд. | По избор Западна Северна Македонија | Развивање на другарство и социјализација на учениците;<br>Учениците непосредно да се запознаат со видовите населби;<br>Учениците непосредно да се запознаат со природните одлики на Република Северна Македонија; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дводневна наставно-рекреативна екскурзија | Октомври,мај VI одд. | Југоисточна Северна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност |
| Тродневна наставно-рекреативна екскурзија | Октомври Мај IX одд. (завршно) | Источна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност |
| Еднодневен пролетен излет | Мај (I – IXодд.) | По избор од најблиската околина | Одмор и рекреација, правилен развиток и напредок на ученикот, еколошка свест |
| Настава во природа V одд | Април или мај | Југозападна Северна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство и еколошка свест |
| Зимска школа | За време на зимскиот распуст | Маврово (Бунец) или Крушево | Одмор и рекреација, правилен развиток и напредок на ученикот, еколошка свест, развивање на вештини во скијање и планинарење |
| Летна школа | За време на летниот распуст | Струга(детско одморалиште 25 Мај) или Охрид (детско одморалиште Детски радости) | Продлабочување и проширување на знаењата, одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство и еколошка свест,здобивање на вештини за пливање и вештини во водени спортови |

Екскурзија е форма на воспитно- образовна работа со која на организиран начин се проширувaат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и културно историските знаменитости на Република Северна Македонија, традицијата и обичаите.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

**СТРУЧЕН ТИМ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ:**

_Координатор:_ Орце Наумоски

***Членови:*** Билјана Матеска

Елизабета Арсоска

Радмила Велјаноска

Кети Наумоска

Богдан Мицкоски

*11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности*

Голем број на ученици земаат активно учество во вонучилишните активности во: друштво за народни танци и ора, спортски клубови, училишта за странски јазици, невладини организации, извиднички клубови. Голем дел од стекнатите вештини на учениците вклучени во вонучилишни активности се користат за време на прослави, приредби, настани, како и за поуспешна реализација на редовната настава во училиштето. Бројот на ученици вклучени во овој тип на активности е променлив во зависност од интересите, афинитети и можностите на семејствата.

## 10. Натпревари за учениците

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Натпреварите ги организираат акредитирани здруженија и наставници.

Во текот на оваа учебна година ќе се реализираат училишни, општински, регионални, републички и меѓународни натпревари по предмети, натпревари по вештини и спортски натпревари. Учениците кои треба да учествуваат на овие натпревари се подготвуваат од страна на наставниците – ментори, пред сè во рамките на додатната настава.

| ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | РЕАЛИЗАТОР | ЗА КОГО И ПРЕД КОГО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА | РЕСУРСИ | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на реализација на училишни натпревари | Септември | Одговорни наставници | Предметни, одделенски наставници и ученици | Изготвување план и распоред по наставни предмети | Успешна реализација на училишните натпревари |
| Истакнување на Планот на огласна табла | Октомври | Одговорни наставници | Предметни, одделенски наставници и ученици | План и распоред по наставни предмети | Транспарентност и навременост во информирањето |
| Дополнителни менторски активности за подготовка на учениците | Октомври | Предметни и одделенски наставници | Предметни, одделенски наставници и ученици | Дополнителни материјали од наставниот предмет | Продлабочување на знаењата и вештините на учениците и стекнување на пошироки сознанија |
| Разгледување на правилникот за натпревари донесен од страна на општината | Ноември | Одговорни наставници и ученици | Предметни, одделенски наставници и ученици | Изготвување на план за работа | Продлабочување на правилата за непречено спроведување на натпреварите |
| Непосредно информирање за одржување на | Ноември, Декември -2 дена пред натпреварот | Стручна служба | Ученици по наставниот предметот англиски | Тетратка за соопштение, соопштение преку разглас | Навремено информирање и транспарентност со цел побројно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| натпреварите | по предвиденат а дисциплина | | јазик | | учество |
| Спроведувањ е на училишните натпревари | Ноември , Декември | Комисија од предметни наставници | Ученици по наставниот предмет англиски јазик | Стандардизиран и Тестови | Истакнување на најталентиранит е ученици |
| Истакнување на резултати | Ноември, Декември (најдоцна една седмица по одржаниот натпревар) | Стручна служба | Предметни и одделенски наставници и ученици | Ранг листи истакнати на огласна табла, изготвен записник од одржаниот натпревар | Транспарентност и навременост во соопштувањето на резултатите |
| Организирање на меѓу училишни натпревари | Декември, Јануари | Комисија од предметни наставници | Предметни наставници и ученици | Тетратка за соопштение, соопштение преку разглас | Организирање и навремено информирање на учениците за претстојниот натпревар |
| Спроведувањ е на меѓу училишни натпревари | Февруари | Одговорни наставници | Ученици по наставните предмети математика, физика, хемија | Стандардизиран и Тестови | Избор на најталентиранит е ученици кои ќе одат на натпревари од повисок ранг |
| Разгледување и истакнување на резултатите од натпреварите | Март | Одговорни наставници | Одговорни наставници | Ранг листи истакнати на огласна табла, изготвен записник од одржаниот натпревар | Истакнување на најталентиранит е ученици |
| Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (општински, регионални и државни натпревари) | Во текот на второто полугодие | Предметни и одделенски наставници и ученици | Предметни и одделенски наставници и ученици | Папка по секој предмет во која се бележат активностите, материјалите и подготвителните вежби | Редовност во извршувањето на подготовките за подобра подготвеност на учесниците на претстојните натпревари |
| Спроведувањ а на натпревари од повисок ранг (општински ,регионални и државни натпревари) | Март и април | Организатор на натпреварот, предметни и одделенски наставници и пласирани ученици | Предметни и одделенски наставници и пласирани ученици | Тестови со задачи на повисоко ниво на знаење | Учество и афирмација на учениците учесници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Собирање на резултати од одржаните натпревари | Мај | Одговорни наставни наставници | Предметни наставници и Стручна служба | Ранг листи и извештаи од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |
| Анализа на резултатите од одржаните натпревари | Јуни | Одговорни наставници | Предметни наставници Стручна служба | Ранг листи и извештај од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |
| Презентирање на извештајот од одржаните натпревари | јуни/Јули | Одговорни наставници | Предметни, одделенски наставници и Стручна служба | Изготвен извештај од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |

## 11. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Покрај многубројните наслови на оваа тема во учебниците на учениците, ќе се реализираат и разновидни активности во училиштето. Со цел да се запази мултикултурализмот се планира да се организираат многубројни активности во училиштето и надвор од него, во соработка со партнер училиштата. Целта на истите е учениците преку забава и креативност да осознаат нови обичаи и култури на свои соученици од различни етнички групи.

**Одговорни наставници од ООУ „Кузман Јосифоски – Питу“:**

- Валентина Лазаревска, Елизабета Арсоска и Верка Јанаќиевска

**Партнер училиштата:** ОУ „Ѓерѓ Кастриоти – Скендербег“ – с. Србица; ОУ „Мустафа Кемал Ататурк“ – с. Пласница;

**Одговорни наставници од партнер училиштата:** Ајше Зенку, Хума Балажи, Александра Петкоска

***АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО УЧИЛИШТЕТО***

| КРИТЕРИУМИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ИНДИКАТОРИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА |
|---|---|---|---|
| 1. Училиштето применува мерки и механизми на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес (ученици, наставници, останати вработени, родители), за поттикнување на меѓусебно почитување на сите етнички групи. | Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес | Куќен ред во училиштето | Во текот на учебната 2022/23 год. |
| 2. Во училиштето постојат активности низ кои припадниците на сите етнички заедници се афирмираат и истакнуваат. | Директор, помошник директор, наставници, стручни соработници (СИТ-тим) | Годишна програма, извештај за работа на училиштето , | Во текот на учебната 2022/23 год. |
| 3. Во училиштето ќе се организираат училишни активности кои ќе бидат реализирани од страна на наставниците, учениците и родителите (припадници на различни етнички групи) во кои ќе се истакнуваат принципите и вредностите на | Сит -тим Наставници, ученици,родители | Годишна програма и акциони планови за заеднички | Во текот на учебната 2022/23 год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| интеркултуралноста. | | активности | |
| 4. Постоечките училишни механизми за решавање на недоразбирањата и проблемите се потпираат на ненасилни методи и модели. | Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес | Годишна програма, програма на активи | Во текот на учебната 2022/23 год. |
| 5. Во сите аспекти на животот и работата во училиштето ќе се почитува рамноправноста на припадниците на различни култури. | Сите субјекти вклучени во образовниот процес | Извештај од самоевалуација | Во текот на учебната 2022/23 год. |

***ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО***

| **АКТИВНОСТИ** | **КРАТОК ОПИС НА АКТИВНОСТА** | **РЕАЛИЗАТОРИ (ПО ВОЗРАСНИ ГРУПИ)** | ***ТЕРМИН (ОД/ДО)*** |
|---|---|---|---|
| Изработка на акционен план за унапредување на интегрираното образование во учебната 2022/23 година | Дефинирање на цели на акциониот план;<br>Планирање активности;<br>Конкретизирање на активностите за унапредување на интегрираното образование | СИТ | Август |
| Внесување на МИО активности во Годишната програма | Внесување на МИО активности во Годишната програма. | Директор, СИТ, наставници | Во текот на годината |
| Спроведување на МИО активности во програмата за работа на наставниците | Спроведување на МИО активности во редовната настава, вонанаставни активности и на часовите на одделенска заедница ( ОЖВ работилници) | Наставници | Во текот на годината |
| Заеднички средби на наставници од партнерските училишта | Запознавање на наставниците од партнерските училишта и договор за заеднички активности. | Директор, СИТ, наставници | Во текот на годината |
| Планирање на конкретни заеднички активности | Работни средби на наставниците;<br>Подготвување посебни планови за секоја предвидена конкретна активност. | СИТ, наставници | Во текот на годината |
| Реализација на планираните заеднички активности | Реализирање на заедничките активности;<br>Евидентирање на спроведените активности;<br>Подготовка на портфолио со докази за успешни практики. | СИТ, наставници | Во текот на годината |
| Следење на реализацијата на активностите | Подготвување инструменти за мониторинг на реализацијата на активностите со клучни точки за следење.<br>Пополнување на инструменти за мониторинг на активностите. | Директор, СИТ, Наставници | Во текот на годината |
| Самоевалуација на училиштето | Наставниците, родителите и учениците пополнуваат прашалници;<br>Анализа и обработка на податоците.<br>Извештај од спроведената самоевалуација на училиштето. | СИТ, наставник по информатика | јуни / јули, |
| Промоција на реализираните активности | Промотивни настани на училишно и локално ниво со презентација | Директор, СИТ, | Во текот на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на активностите пред Училишниот одбор, наставниците, учениците и родителите, Општината и образовни институции; Континуирано ажурирање информации на порталот за МИО на училишната веб страница. | наставник по информатика | |

**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА СИТ-ТИМОТ ВО УЧИЛИШТЕТО**

| ГЛОБАЛНИ АКТИВНОСТИ | ОЧЕКУВАН РЕЗУЛТАТ/ПРОДУКТ | РЕАЛИЗАТОРИ | ТЕРМИН (ОД/ДО) |
|---|---|---|---|
| Определување механизам за одлучување на СИТ | Ефикасни принципи на работа | Директор, Стр. Служба наставници | Август/Септември |
| Распоредување на одговорностите на членовите на СИТ и определување на временска/просторна рамка за одржување на состаноци | Подобрена координација и комуникација | Членови на СИТ | Август/Септември |
| Состанок на членовите на СИТ-от за отпочнување на сертификација | Назначени одговорни лица и координатор на СИТ-от за спроведување сертификација | Директор | Август/Септември |
| Планирање на активностите што треба да се реализираат | Акционен план | Членови на СИТ | Август/Септември |
| Определување на стратегија за избор на реализатори и нивно придобивање | Мотивирање и подобрена училишна клима | Членови на СИТ | Август/Септември |
| Формирање на тимови од реализатори за секоја од предвидените активности | Формиран тим | Членови на СИТ | Септември |
| Прибирање информации за термините и просториите за реализација на активностите определени од реализаторите и нивно усогласување | Обезбеден простор Временска рамка за работа Програма за работа | Реализатори Членови на СИТ | Септември |
| Пренесување на информации до сите во училиштето-најава на активностите што следат и давање увид во резултатите од следењето и нивната реализација | Координирање и информирање на сите во училиштето | Реализатори Членови на СИТ | Септември |
| Следење на реализацијата на активностите | внатрешен мониторинг | Реализатори Членови на СИТ | Континуирано |
| Редовни состаноци за стекнување увид во реализацијата на активностите | Размена на информации меѓу членовите на СИТ во врска со различните активности во кои учествуваат | Реализатори Членови на СИТ | Повремено по планирањето |
| Давање поддршка на реализаторите | определување предлог мерки за подобрување на реализација на активностите | Членови на СИТ | Континуирано |
| Пополнување на листите за извештаи наменети за ПМИО тимот | Информирање на одговорните од проектот | Членови на СИТ | периодично |
| Правење документација(портфолио) за реализираните активности | собирање фотографии, продукти и слично | Реализатори Членови на СИТ | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Известување на медиумите, локалната самоуправа и родителите за ПМИО активностите во училиштето | Промоција на активностите во училиштето како Модел училиште | Членови на СИТ | периодично |

**МИО – АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ СО ПАРТНЕР УЧИЛИШТАТА**

| КОНКРЕТЕН ЧЕКОР | ОЧЕКУВАН РЕЗУЛТАТ (ПРОДУКТ) | (ПРЕД)УСЛОВИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ТЕРМИН (ОД/ДО) |
|---|---|---|---|---|
| **СКАЈП СОСТАНОК НА НАСТАВНИЦИ** | Договорен план и динамика за реализација на проектот | -Избрани наставници од двете училишта<br>-Воспоставена интернет врска во училиштата<br>- Пишани насоки за заеднички активности | Наставници од сите партнер училишта | септември |
| **ПРВА РАБОТИЛНИЦА СО УЧЕНИЦИ ОД ДВЕТЕ УЧИЛИШТА** | Учениците се запознаваат меѓу себе, предлагаат места кои би ги истражувале, се договараат за начинот на понатамошна комуникација | -Договорен плани и динамика на активностите<br>-Училница<br>-Обезбеден превоз за учениците (во зависност од договореното место за средба) | Наставници и ученици | Септември/ октомври |
| **ПРВА СКАЈП СРЕДБА СО УЧЕНИЦИ ОД ДРУГО УЧИЛИШТЕ** | Учениците се запознаваат и одбираат места за кои ке истражуваат | -Група на ученици од два класа<br>-Избрани ученици кои ке го водат состанокот и ке дискутираат<br>-Интернет врска и можност за аудио-визуелна врска<br>- Договорени правилата за комуникација и начинот на избирање на заеднички места<br>- Договорени предложените места за истражување | Наставници и ученици | ноември |
| **ВТОРА РАБОТИЛНИЦА СО УЧЕНИЦИ** | Изработен план за истражувањето и определени се изворите на информации, методите на истражување и воспоставени тимови со определени задачи | -Подготвени материјали и работни листови за работилници<br>-Листа со веб страни<br>-Листа со литература<br>-Контакти со стручни лица | Наставници и ученици | декември |
| **ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕРЕН** | Собрани информации од различни извори | -Тимови ученици со јасно определени задачи<br>- Интернет<br>- Посета на музеј библиотека<br>- Интервју со стручно лице | ученици | Декември/ февруари |
| **ОБРАБОТКА НА ИНФОРМАЦИИ** | Анализирани податоци | Работилница за презентирање на податоци<br>- Дискусија за добиените податоци | Ученици наставници | 4-та седмица февруари |
| **ВТОРА СКАЈП КОНФЕРЕНЦИЈА** | Разменети информации и договорени следни чекори | -Интернет врска<br>Избрани претставници на групи презентери<br>- Модератори на дискусија | Ученици наставници | февруари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ИЗРАБОТКА НА ЗАЕДНИЧКИ БЛОГ ИЛИ ФБ СТРАНА** | Блог страни со податоци | -Избрани содржини за блог страна<br>-Избрани модератори на блог страните<br>-Правила за објавување и коментари на блоговите<br>-Определена динамика за постирање на содржините<br>-Стратегија за промовирање на страната-блогот | Ученици наставници | ноември |
| **ЗАЕДНИЧКА ПОДГОТОВКА ЗА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗАВРШНА СРЕДБА** | Учениците од трите училишта имаат подготвено заедничка презентација на проектните активности | -Обезбедена просторија за подготовка на презентацијата(библиотека)<br>- Електронски покани<br>-Обезбедени материјали за изготовка на презентацијата | Ученици наставници | март |
| **ЗАЕДНИЧКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО СЕКОЕ УЧИЛИШТЕ** | Спроведени две презентации по две во секое училиште – двете презентации се подготвени заеднички од учениците од трите училишта | -Обезбеден простор и термин во училиштата<br>- Родители, наставници, ученици претставници од локалната самоуправа, се информирани и поканети на презентациите | Ученици наставници родители Локална самоуправа | април |
| **ИЗГОТВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ОД ЗАЕДНИЧКИОТ ПРОЕКТ** | Пишан документ | Компјутери | наставници | април |
| **ТУРИСТИЧКА ПОСЕТА** | Спроведена посета на двете групи ученици во местото кое заеднички го избрале | - договорен заеднички термин<br>- договорени посети во местото од заеднички интерес за учениците<br>- договорени заеднички | Ученици наставници | мај |

## 12. Проекти што се реализираат во основното училиште

Најголем акцент во работата на училиштето се посветува на реализација на проектите со обезбедување и создавање услови за нивно успешно реализирање. Училиштето е постојан апликант на проекти од образовната сфера кои даваат придонес во реализација на што поквалитетна настава и постигнување на подобри резултати и успеси.

**Во текот на оваа учебна година во училиштето ќе се реализираат следниве проекти:**

- Енергетска ефикасност –прв циклус ,
- Проект во соработка на МОН ,со цел уредување на санитарните јазли во училиштето,
- Еразмус

.Акционен план на активности за Еразмус+ проектот, Sustainable schools to transform our world- Одржливи училишта за трансформација на нашиот свет, во училиштето ОО“Кузман Јосифоски-Питу„-Кичево

Август 2022-август 2023

Место на реализација Одговорни за реализација на активноста Период на реализација

1.Формирање на проектен тим ООУ.„Кузман Јосифоски-Питу„ Кичево Елизабета Арсоска координатор на проектот ,Август 2022

2.Презентација на втората фаза на проектот во училиштето и официјализирање преку јавен повик за изразување интерес за учество ООУ.„Кузман Јосифоски-Питу„ Кичево Елизабета Арсоска

Август 2022

3.Селекција на ученици кои ќе бидат учесници во мобилноститеООУ.„Кузман Јосифоски-Питу„

Септември 2022

4.Работна средба на проектен тим –изработка на програма за презентирање на нашето училиште на мобилностите кои претстојат ООУ.„Кузман Јосифоски-Питу„ Кичево Елизабета Арсоска координатор

Октомври 2022

5.Претставување на учениците на Е Твининг платформата ООУ.„Кузман Јосифоски-Питу„ Кичево- Елизабета Арсоска,

Октомври 2022

6.Подготовка на наставниците и учениците за втората мобилност во Франција, Кахут квиз за учениците во проектот ООУ.„Кузман Јосифоски-Питу„ Кичево Елизабета Арсоска

Октомври 2022

7.Втора мобилност со наставници и ученици

Хаирес (Франција) Хаирес, Франција Елизабета Арсоска

Ноември 2022

8.Дисеминација на втората мобилност во Хаирес (Франција)ООУ.„Кузман Јосифоски-Питу„ Кичево Елизабета Арсоска

Ноември 2022

9.Презентирање и промоција на Етвининг платформата пред учениците и наставниците ООУ.„Кузман Јосифоски-Питу„ Кичево Елизабета Арсоска

Ноември 2022

10. Мобилност на наставници и ученици во Сан Хавиер,Шпанија

Сан Хавиер,Шпанија -Тим од наставници и ученици Февруари 2023(прва седмица)

11.Дисеминација на мобилноста во Шпанија ООУ.„Кузман Јосифоски-Питу„ КичевоТим од наставници и ученици Февруари 2023

12. Мобилност на наставници и ученици во Кичево, Македонија ООУ.„Кузман Јосифоски-Питу„ Кичево Тим од наставници и ученици

Мај 2023

13.Евалуација на проектот

Јуни-Август

2023

Кичево,08.2022 Координатор на проект,

Елизабета Арсоска

## 13 .Поддршка на учениците

*15.1. Постигнување на учениците*

Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати и се организира дополнителна настава. Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив стручната служба обавува советодавни разговори , ги упатува на ефикасни техники на учење и градење на работни навики.

Училиштето води целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој. Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари.

Оваа учебна година на ниво на секој актив ќе се подготви соодветна програма за подобрување на постигнувањата на учениците, со конкретни активности и одредени форми и методи за мотивација на учениците.

*15.2. Професионална ориентација на учениците*

Согласно потребите на учениците од IX одделение, кои своето учење треба да го продолжат во средните училишта, ООУ „Кузман Јосифоски – Питу“ – Кичево има Тим за професионална ориентација на учениците кој се состои од психологот во училиштето, останататите членови на стручната служба и наставниците, односно класните раководители од IX одделение.

Активностите на Тимот се поврзани пред сè со помагање на учениците да го најдат вистинското училиште за себе. Тоа се прави преку тестови на интереси, преку запознавање на учениците со средите училишта кои постојат во Кичево и регионот, условите кои треба да ги исполнуваат и сл.

| ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање со програмата за професионално насочување на учениците | Септември | Тим за професионално насочување на учениците | Фронтална, групна, дискусија, презентација | Запознавање на учениците со Програмата за професионално насочување на учениците |
| Инволвирање на елементи од професии и занимања низ содржини од наставните содржини | Континуирано | Одделенски и предметни наставници | методи и форми соодветни на реализација на наставната содржина | Запознавање на учениците со различните занимања кои постојат и можност за сопствен избор |
| Работилница на одделенски час - Професии и занимања | Декември | Тим за професионално насочување на учениците, одд. | фронтална, усно изразување, практична | Изнесување на ставови и размислувања за видови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| (животни вештини) | | раководител | работа | професии, практична работа за професии во животот |
| Анкетирање на ученици од 9-то одделение | Март | Психологот,класни раководители на 9 -то одд. | Фронтална | Помош на ученици на кои име потребна во зависност од дадените одговори во анкетата. |
| Соработка со ученици и професори од средни училишта , Гимназија - Колеџ, Отворени денови и сл. кои нудат помош при избор на занимање | Во второ полугодие | Психологот, класни раководители | заедничка работа | Запознавање на учениците со условите за работа и други информации кои се важни за училиштата . |
| Информација на учениците од 9 -то одделение за услови за полагање на приемни испити за бесплатно школување во Приватни училишта (Јахја Кемал,Петта приватна гимназија и други) | Во текот на второ полугодие | Психологот,одговорни лица од училиштата што нудат | Фронтална и индивидуална | Запознавање на учениците за начинот на спазување на рокот и др. информации кои се важни. |
| Средување на катчето за Професионална ориентација со материјали за Промоција на средни стручни училишта, гимназии и приватни училишта . | Од Март до Мај | Психологот | Индивидуална | Запознавање на учениците со Програмата која ја нудат училиштата ,условите за запишување и други информации кои се важни за учениците |
| Истакнување на Оглас- Конкурс за роковите на запишување на учениците од 9- то одд. во средните училишта , | Април - Мај | Психологот | Индивидуална | Запознавање на учениците со конкурсот за запишување во гимназии и средните стручни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| потребни документи и др. информации . | | | | училишта |
| Организирање на тестирање на ученици со тестови на интереси и самопроценка на способности | Во текот на второ полугодие | Психологот | Индивидуална - групна | Помош во изборот на училиштето во корелација со способностите на учениците . |
| Извештај по спроведеното тестирање на ученици со тестовите на интереси и способности професионална ориентација | Во текот на второ полугодие | Психологот | Индивидуална - групна | Повратна информација на учениците со цел олеснување при изборот на училиштето во корелација со способностите на учениците . |

*15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација*

Во училиштето ќе се изведуваат и презентации на превентивни програми од неколку позначајни области како што се спречување на насилствата во училиштата, заштита на учениците од заразни болести, заштита на учениците при вклучување во сообраќајот и безбедно пристигнување до нивните домови, презентации од Центарот за социјални грижи и други организации со цел соодветна општествена еманципација на нашите ученици.

Активности посветени на грижата на здравјето на учениците (физичко, ментално и социјално здравје) ќе се реализираат во текот на целата учебна година преку сите наставни предмети.

Грижата за здравјето на учениците и превенција од заразни и болести на зависност ќе се остварува преку: создавање, развивање и негување на лични хигиенски навики кај учениците со предавања, разговори во текот на наставата и подигнување на нивото на здравствена култура.

Училиштето е должно да создаде услови и преземе мерки за пријатен и безбеден престој на учениците. Одговорноста за тоа припаѓа на сите вработени во училиштето. Најдобар систем за безбедност и заштита на учениците претставува почитувањето на куќниот ред на училиштето, а тоа ќе се постигне со постојано воспитно влијание.

Посебна улога за заштита и безбедност на учениците во текот на наставниот ден имаат дежурните наставници определени во организацијата на работа во училиштето. Нашето училиште е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место доколку дојде до несакана ситуација и за истите има обележано патокази за побрзо дејствување на учениците и вработените во институцијата.

**ЦЕЛИ:**

1. Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди. Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода;

2. Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените.

| **Програмска активност** | **Реализатор** | **Период** | **Методи и постапки за реализација** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Стручен актив за поделба на активности | Одговорни наставници | Септември | Работилница | Изготвен план и поделба на активности |
| Формирање клуб на ученици | Координатори, одделенски раководители и одделенската заедница | Септември | Дискусија | Желба за работа во клубот на ученици за ненасилно однесување |
| Донесување на програма за работа со клубот на ученици | Координатори, одделенски раководители и клубот на ученици | Септември - октомври | Дискусија | Безбедна училишна средина - Училиште без насилство |
| Анкетирање на учениците за состојбите во училиштето | Координатори и клубот на ученици | Октомври | Анкета | Безбедна училишна средина |
| Анализа на анкетата спроведена од страна на учениците и подготовка на план за работа, Анализа на анкетата | Координатори | Октомври | Анализа | Добивање на јасна претстава за состојбите во училиштето |
| Едукација на учениците од страна на стручни лица | Стручни лица, координатори | По потреба | Предавање и дискусија | Подигање на свеста на учениците за последиците од насилното однесување |
| Изработка на пораки за промоција на ненасилно однесување | Координатори и клубот на ученици, наставници | Континуирано | Изработки од ученици | Промоција на ненасилно однесување |
| Соработка со клубови од други училишта | Координатори и клубот на ученици | По договор | Дискусија | Соработка, дружење, размена на искуства |
| Посета на Полициска станица | Координатори и клубот на ученици | По договор | Предавање | Подигање на свеста на учениците за последиците од насилното однесување |
| Посета на Спортски натпревар | Координатори и клубот на ученици со помош од наставниците по физичко образование | По договор | Посета | Дружење, размена на искуства |
| Едукативни предавања за родителите од Совет на родители | Стручни лица, координатори, | Февруари | Предавање и дискусија | Подигање на свеста на родителите за последиците од насилното однесување |
| Промовирање на резултатите од работата на клубот | Координатори, клубот на ученици, одделенски раководители | Мај | Промоција | Желба за учество и работа во клубот на ученици за ненасилно однесување |

## 13. Оценување

### *16.1. Видови оценување и календар на оценувањето*

Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.

Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки. Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки.

Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки. Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки. Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити. Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1). *Највисока оценка е одличен (5).*

### *16.2. Тим за следење, анализа и поддршка*

Во училиштето ќе се формира тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Тимот е составен од раководниот кадар, стручна служба и наставници. Во процесот на оценување тимот подготвува програма за следење и подобрување на оценувањето со подготвени и споредбени анализи.

**Активности за реализација на целите**

| АКТИВНОСТ | ПЕРИОД | РЕАЛИЗАТОР | НАМЕНА | РЕЗУЛТАТ |
|---|---|---|---|---|
| Донесување на програма за работа за следење и вреднување на напредокот на учениците и наставниците . | Август | Тимот за следење и вреднување . | За училиштето и наставниците | Примена на низа активности од страна на наставниците за подобрување на напредокот на учениците |
| Посета на часови кај наставници од 1 до 9 одделение | Континуирано во текот на годината. | Директор ,психолог и педагог | За наставниците | Преку посетеноста на часовите да се укаже на наставниците на позитивните страни кои се забележани во текот на часот како и на пропустите . Давање на насоки за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | преземање мерки за отстранување на пропустите со цел подобрување на наставата ,поттикнување на интерактивен и креативен пристап во наставата. |
| Изработка на евидентни листови за следење и вреднување на напредокот на учениците | Септември | Педагошко-психолошка служба, наставници од предметна и одделенска настава | За наставниците | Подобрување на квалитетот на вреднувањето, објективно и континуирано оценување на учениците |
| Изготвување на инструменти за следење и унапредување на воспитно-образовниот процес | Континуирано | Педагошко-психолошка служба, наставници од предметна и одделенска настава | За наставниците | Следење на напредокот на образовниот процес на учениците и наставниците |
| Презентирање на годишниот успех на учениците за учебната 2021/2022 г година по пол и етничка припадност од 4-9одделение . | Октомври | Тимот за следење и вреднување на резултатите по пол и етничка припадност . | За наставниците од 1-9 одделение | Да се констатира успехот на учениците од 4 - 9 одделение по пол и етничка припадност на крајот од годината за учебната 2022/2023 година . Преземање мерки за подобрување каде што е потребно . |
| Одржување на работилница за изработка на тест прашања со повеќечлен избор | Декември | Наставници обучувачи и наставници од 1-9 одделение | За наставниците од 1-9 одделение | Да се научат наставниците да изготвуваат правилно прашања со повеќечлен избор . |
| Следење и анализа на спроведените тестови изработени со повеќечлен избор | Јануари и Мај | Наставници обучувачи и наставници од 1-9 одделение | За наставниците од 1-9 одделение | Преку анализа на тестовите со поставени прашања од страна на обучувачите да се запознаат наставниците за нивната успешност во поставеноста на прашања . |
| Анализа на полугодишниот успех на учениците од 4 - 9 одделение , по пол и етничка припадност за учебната 2022/2023 година . | Јануари – Февруари | Тимот за следење и вреднување на резултатите по пол и етничка припадност . | За наставниците од 1-9 одделение | Констатирање на состојбата преку анализа . |

**План за следење на постигнувањата на учениците според пол и етничка припадност**

| Планирана активност | Цели | Реализатор | Време | Ресурси | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на евидентни листови за следење и вреднување на учениците | Квалитетна изработка на евидентни листови | одделенски и предметни наставници | Август | Годишна програма | Континуирано и објектив-но следење на постигнувањата на учениците |
| Проверка на евидентните листови на наставниците | Согледување на редовноста и уредноста во водење на евидентните листови | одговорни наставници | ноември, јануари, април, јуни | Евидентни листови | Навремено и уредно следење на постигнувањата на учениците |
| Спроведување на анкета на ученици за транспарентно оценување | Согледување на транспарентност а во оценувањето на наставниците | Стручна служба | декември | Анкетни листови | Транспарентно оценување |
| Анализа и изработка на табеларни извештаи | Утврдување на состојбата на успехот и поведението на учениците | Одделенски и предметни наставници | ноември, јануари, април, јуни | извештаи-квартален, полугодишен и годишен | Согледувањена успехот и поведението на учениците |
| Анализа на постигнувањата на учениците по предмети, според полова и етничка припадност | Следење на постигнувањата на учениците според полова и етничка припадност | Стручна служба | Јануари и јуни | полугодишен и годишен извештај | Подобрување на успехот на учениците |

**Унапредување на средината за учење**

| Планирана активност | Цели | Реализатор | Време | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на наставни средства потребни во наставата | Подобрување на квалитетот на наставата | одделенски и предметни наставници | Септември-декември | Унапредување на средината за учење |
| Изработка на наставни средства потребни во наставата | Подобрување на квалитетот на наставата | одделенски и предметни наставници | Јануари-мај | Зголемена употреба на нагледните средства во наставата поквалитетна настава |
| Континуирано следење и издавање совети на одд и предметни наставници | Поквалитетна настава, подобар успех кај учениците | Стручна Служба Директор | Септември-мај | Унапредување на средината за учење |
| Средба и размена на искуства за справување со недисциплината во одделението | Добра дисциплина поквалитетна настава, а воедно подобар успех кај учениците | Стручна Служба, Тим на наставници | Јануари | Унапредување на средината за учење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Следење на уреденоста на училниците и катчињата | Дијагностицирање на состојбата | Стручна Служба Тим на наставници | континуирано | Наставниците пронаоѓаат начин за надминување на пропустите во планирање. |
| Посета на часови | Примена на современи методи и техники | Педагог Директор | континуирано | Успешно се имплементира наставниот приод |
| Задолженија и одговорности на ученикот во училницата/ училиштето (стручни активи во одделенска и предметна настава) | Констатирање на задолженија и одговорностите на учениците во училиштето и училниците | психолог Педагог наставници | Јуни | Зголемен ред во функционирањето на паралелките/училиштето |

*16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*

За подобрување на квалитетот на наставата директорот и стручните соработници организираат посета на наставните часови и вонннаставните активности. Посетата се врши според претходно изготвен план на месечно ниво и се користи протокол за посета на час. Планот за стручни посети и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар е дел од годишните програми за работа на директорот и стручните соработници.

*16.4.Самоевалуација на училиштето*

Согласно законот за Основно образование, училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години. Последната самоевалуација е спроведена во јуни 2020 година, од страна на тимот за самоевалуација.

Училиштето има изготвен План за развој 2018/2022, кој се базира на Извештајот од претходно извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата.

Заедничка цел за сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во сѐ помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

## 14. Безбедност во училиштето

Училиштето има изработено програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи-пожари, поплави, слични закани и ризици, план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште и истите се чуваат во архивот на училиштето.Обука за прва помош и заштита имаат посетенопет наставници од училиштето.

## 15. Грижа за здравјето

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите учениците и вработените во училиштето, во непосредна соработка и поддршка од родителите, здравствената служба и пошироката заедница. *Целта* е оспособување на учениците за поздрав живот во училиштето, домот и локалната средина во која живеат.

Училиштето води грижа за здравјето на учениците на три нивоа: *физичко здравје* кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни и сексуално преносливи болести, прва помош, физичка активност; *ментално здравје* го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата; *социјалното здравје* ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

*18.1. Хигиена во училиштето8*

За хигиената на училиштето се грижат: техничкиот персонал, наставниците и учениците. За да се одржи високото ниво на хигиена во училиштето континуирано се употребуваат хигиенски средства за дезинфекција и уништување на микроорганизми, еколошки средства на база на активен хлор и др. Во однос на начинот на одржување на хигиената во училиштето се врши: секојдневно чистење на сите простории во училиштето; неделно - темелно чистење на просториите и еднаш во месецот генерално чистење. Покрај тоа два пати во годината се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од служби во Центарот за јавно здравје - Битола.

*18.2. Систематски прегледи*

Систематските прегледи за учениците се планираат и реализираат пред или по завршување на часовите, без да се попречува наставата. Во текот на учебната година систематски прегледи се вршат за учениците од I, III, V и VII одделение, во придружба на одделенските раководители на паралелките. Учениците од I и III одделение задолжително ги придружуваат и нивните родители. Систематски прегледи се вршат во Здравствен дом-Кичево.

Преглед на заби се врши за ученици од I до VII одделение. Исто така се планираат и четири едукативни работилници за здрави заби за ученици од I и VII одделение. Работилниците се реализираат во просториите на училиштето од страна на здравствени работници од Здравствен дом – Кичево.

*18.3. Вакцинирање*

Имунизација (вакцинација) е составен дел од грижата за учениците и тоа се спроведува во различни периоди од воспитно- образовниот процес на учениците.

6 години (I одделение): Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање; 7 години (II одделение): Туберкулоза (со тестирање) (1 доза); Детска парализа (1 доза); дифтерија, тетанус (1 доза) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза (VI одделение); Инфекции со хуман папилома вирус (HPV) (само за девојчиња) (3 дози) - вакцинирање; 14 години (завршна година на основно училиште) Рубеола (само девојчиња) (1 II ревакцинирање доза); Детска парализа (1 доза); Дифтерија, тетанус (доза); III ревакцинирање; IV ревакцинирање.

*18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата*

Училишниот тим за здрава храна прави програма за едукација на учениците за здрава храна во која се вклучени едукативни предавања од здравствени работници и експерти од таа област кои се реализираат во вонаставните активности. Покрај тоа наставниците на часот на одделенската

заедница обработуваат теми за здрава храна. Исто така на редовните часови обработуваат содржини поврзани со здравиот начин на исхрана и живеење.

## 16. Училишна клима

ООУ „Кузман Јосифоски – Питу“ – Кичево, секоја учебна година формира Тим за училишна клима. Овој тим ја следи училишната клима, спроведува анкети меѓу учениците и наставници, дава предлози за подобрување на училишната клима и поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа.

### *19.1. Дисциплина*

Во училиштето постои добра и пријатна организација на воспитно-образовната работа со навремен проток на информации и размена на искуства. Единството на наставничкиот колектив во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво.

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е дисциплината на сите вклучени фактори. Нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени. Во текот на учебната 2022/2023 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно.

На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Правилникот за сите должности и обврски на сите вработени се поставува на видно место во училиштето. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. Ќе се изготви распоред за дежурства на наставниците за секој ден од неделата. За следењето на дисциплината за време на одморите наставниците поднесуваат дневна евиденција. Следењето на дисциплината за време на одморите се врши во ходниците, училниците, санитарните јазли и секако во училишниот двор.

### *19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и со континуирано поттикнување на учениците за истото. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно-образовниот процес. Затоа на истото му се посветува доволно внимание. За таа цел ќе се формираат комисии за избор за најдобро украсено-функционална училница. Освоените награди на учениците ќе им послужат за поттик секоја година да бидат сѐ подобри во уредувањето на својата училница, а со тоа и во општиот изглед на училиштето. Училиштето има тим кој ќе ги планира, организира и следи активностите за естетското уредување.

### *19.3. Етички кодекси*

Во нашето училиште се изработени и усвоени се следните кодекси на однесување:

- Етички кодекс за наставниците;
- Етички кодекс за учениците;
- Етички кодекс за родители;
- Етички кодекс за останатите вработени.

Истите се поставуваат на видно место во училиштето и без исклучоци се почитуваат.

Нашето училиште, исто така, има изработено и Еко-кодекс, на кој ќе му се посвети особено внимание и бара огромна вклученост на сите фактори за подобрување на заедничкиот став кон еколошките услови. Еко-кодексот, е поставен на видно место во училиштето. Покрај тоа, ќе се организираат и акции за хортикултурно уредување на меѓупросторот во училиштето. Стручните активи ќе имаат за цел, исто така, да допринесат за создавање свест кај најмалите за заштита на животната средина со примена на интегрираното планирање во рамките на наставата. Училиштето има етички кодекси за оценување . Со истите се запознаени сите структури во училиштето.

*19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето*

Внатрешната комуникација и меѓучовечките односи меѓу сите структури во училиштето се на високо ниво. Со цел да се унапреди активното слушање, протокот на информации и споделување на искуства во текот на годината се планираат заеднички состаноци – работилници, каде што се предлагаат нови начини на комуницирање.

За да се подобри комуникацијата помеѓу вработените, односно да се воспостават добри меѓучовечки односи, потребно е правилно да се разберат луѓето и нивната природа. Тоа значи да се разберат и прифатат нивните потреби, интереси, верувања и очекувања од една страна, но и нивниот карактер, нивните лични особини и ставови.

## 17. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој на воспитно – образовниот кадар подразбира секојдневно професионално и лично растење на наставникот. Тоа е процес кој се реализира на најразлични начини и подразбира оспособување на наставникот со нови знаења, вештини, способности, стратегии во соодветните области и оспособеност за примена на соодветна технологија. Професионализацијата на наставниците е предуслов за успешно унапредување на квалитетот на образованието.

*20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Според Правилник за форма и содржината на личниот план за професионалниот развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта донесен врз основа на член 28 став (4) од Законот за наставниците и стручните соработници наставниците и стручните соработници како и претходната учебна година ќе изработат и доставaт до тимот за професионален развој во училиштето личен план за професионален развој до 10 септември, додека до 30 јуни ќе пополнат Реализација на професионален развој

Со оглед на фактот дека формалното образование тешко ја следи динамиката на новите потреби, очигледна е потребата од нова иницијална обука, како и континуирано образование. Од детектираните состојби од самоевалуацијата и интегралните евалуации се утврдени потреби за продолжување со професионалниот развој на образовниот кадар.

*20.2. Активности за професионален развој*

Сите наставници учествуваат на обуки, семинари, работилници на кои ќе бидат повикани, а организирани од МОН, БРО и други институции. Се планираат и неколку интерни обуки, пренесување

искуства во рамките на стручните активи, според однапред идентификуваните потреби на наставниците. Во време на пандемија достапни станаа голем број на вебинари кои наставниците и службите редовно ги следат.

*20.3. Личен професионален развој*

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Директорот и педагогот вршат поединечно следењето на напредувањето на наставниците, се води професионално досие за секој наставник и се следат часови и активности од истите, се изготвуваат извештаи од следењето. Се врши вреднување од страна на советници од БРО.Се мотивираат наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.

*20.4. Хоризонтално учење*

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови.

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Стручните активи во училиштето (одделенска и предметна) веќе го имаат усвоено начинот на работа на професионални заедници за постојано учење. Тоа значи дека состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето од секој.

Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар, исто така ќе опфати оспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини кои доаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до деветто одделение и сл. За таа цел училиштето во текот на целата учебна година ќе се грижи за професионалниот развој на наставниците и ќе се залага за нивно активно учество на работилници, обуки и семинари. Сите овие предвидени активности ќе се реализираат во согласност со потребите и барањата на училиштето и образовниот кадар во текот на учебната година.

Во тој поглед училиштето треба да подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

*20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Во претходните учебни години кариерниот развој на воспитно - образовниот кадар беше дел од приоритетите на пишаните програми во форма на креирање на датотека на позитивни практики за размена на искуства, знаења и материјали помеѓу наставници од сродни предмети, организирање на различни видови на обуки, вебинари, семинари и работилници според потребите на наставниците и

нивни дисеминации, учество во бројни проекти и интеркултурни размени и мобилности сè со цел поддршка на воспитно - образовниот кадар и нивно кариерно напредување. Според Законот за основно образование, Закон за наставници и стручни соработници и Правилниците за кариерен развој наставниците имаат јасни критериуми и стандарди кои треба да ги исполнат за свое стручно унапредување. Правилникот за начин на формирање на комисии и проценување на апликации за унапредување на звањето ќе почне да се применува од 1 Јуни 2022 година.

## 18. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

*21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

Во училиштето успешно функционира Советот на родители кој е составен од родители од сите паралелки во училиштето.

Заради остварување на заеднички интереси на родителите од учениците и училиштето и оваа учебна година ќе се продолжи со соработката меѓу родителите и училиштето. Оваа соработка ќе се остварува преку: индивидуални контакти на родителите со одделенските раководители и предметните наставници; со стручната служба и директорот; родителски средби на ниво на паралелка – индивидуални и групни; родителски средби на ниво на училиште.

Општи родителски средби ќе се одржат најмалку две, а по потреба и повеќе. **Првата средба** ќе се одржи во текот на месец септември, со цел презентација на Брошура на училиштето; Запознавање со наставниот план и програмите за оваа учебна година; Распределба на учебниците, актуелни прашања и проблеми. Додека пак **втората општа родителско-наставничка средба** ќе се одржи во месец јануари со цел, презентација на извештајот за успехот, поведението и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие; запознавање со планираните активности за второто полугодие и сл.

Дополнително, на огласната табла во училиштето се истакнати приемните денови и време за секој наставник во училиштето, кога може да дојдат родителите на разговор или консултации.

*21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности*

Родителите се постојано и континуирано непосредно вклучени во училиштето во секој сегмент. Преку родителските средби, состаноците со Советот на родители и Училишниот одбор редовно се информирани за наставниот процес.

Во програмите за соработка со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручната служба предвидена е соработка и поддршка од родителите за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и за напредување на учениците–таленти, како и соработка и помош од родителите во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Вклучени се и при професионалната ориентација на учениците.

Советот на родители, а и родителите на родителските средби постојано учествуваат со свои предлози и иницијативи за воннаставните активности. Постојано се известувани и самостојно одлучуваат при организирањето на екскурзиите (релацијата, цената, агенцијата и сл.). Учествуваат во еколошките акции, општествено – хуманитарните активности и приредбите како непосредни учесници, помагатели и поддржувачи.

Родителите се вклучени и партиципираат при давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку Совет на родители, родителските средби и Училишниот одбор.

*21.3. Едукација на родителите/старателите*

Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку соопштенија, брошури, Фејсбук страната на училиштето. Стручната служба секојдневно извршува советодавно – консултативни разговори со родителите, а преку советодавната работа со родителите наменски и со целна група врши едукација на родителите од учениците кои имаат слаб успех, кои имаат поголем број изостаноци и кои покажуваат асоцијално однесување.

Пред почетокот на учебната година училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошурата, која родителите ја добиваат на првата општа родителска средба.

## 19. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

**ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА:** Тимот за комуникација со јавноста и промоција на училиштето ќе настојува постојаната динамичност на нашето училиште јавно и транспарентно да ја презентира на пошироката јавност како и целокупната работа на нашето училиште, сите залагања на учениците, наставниците и стручните соработници заедно со директорот, кои неуморно работат за нашето училиште да биде пример како за нашата општина така и за сите училишта во државата. Нашето училиште соработува со општината при реализација на еколошката програма на локално ниво како и при реализација на разни собири и здружувања по одредени случувања во училиштето.

Соработката на нашето училиште со локалната средина ќе има за цел нашето училиште што повеќе да се доближи до локалната средина, заради информирање на средината за постигнатите резултати, како и проблемите во училиштето, како и други видови на соработка, почнувајќи од родителите како најзаинтересирани субјекти за работа на училиштето, преку други воспитно-образовни институции од областа на културата, стопански и нестопански дејности во Кичево. Соработката со локалната средина ќе се остварува преку разновидни општествени, културни и образовни активности заедно со месното население. Преку нив ќе се афирмира и училиштето како културен и образовен центар. Овие активности ќе се реализираат преку: општо родителско-наставнички средби, индивидуални и групни средби со родителите, посета на домовите на учениците, разновидни собири, приредби, изложби, работни акции, собирни акции и други активности.

Целта на ова подрачје е да се анимира и да се стави во педагошка функција сè што може да се понуди во локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи во училиштето, како и на подигнување на културно-образовното ниво на месното население.

**Институции од областа на културата:** Со програмата за натпревари се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, поетски читања, театар.

**Институции од областа на образованието:** Училиштето секојдневно соработува и со МОН, БРО, ДПИ (редовни инспекциски увиди и интегрален увид), ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината, други основни и средни училишта (презентирање на средните училишта, известувања за запишани ученици) и др.

**Невладини организации:** Училиштето планира соработка со „Црвен крст“, Федерација за училиштен спорт“, “ПАКОМАК“, „Охо“ и др.

**Спортски друштва:** Како и до сега ќе се продолжи соработката со повеќето фудбалски клубови: Напредок и Кичево; Буба Мара, ракометни, кошаркарски и карате школи и клубови кои опстојуваат во нашиот град при реализација на турнири и разни спортски активности, како и активно учество во лигите организирани од Фудбалската Федерација на Северна Македонија и Федерацијата за училишни спортови.

**Здравствени организации:** Училиштето воспоставува и одржува редовна соработка со здравствените организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените: локалните амбуланти, ЈЗУ и Здравствен дом „Кичево“; ЈЗУ-Битола ( стручни предавања пред учениците ), Центар за социјални грижи, Фондот за здравство, Службата за ментално здравје на деца и младинци во Скопје, Комисијата за категоризација. Осигурувањето на учениците и вработените е на доброволна база, а изборот на осигурителни компании се врши согласно закон. Училиштето има акциски план со едукативни теми за здравјето на учениците, со одговорни лица за реализација, време на реализација и очекувани исходи.

**Медиуми:** Со цел на промоција, училиштето има своја Фејсбук страна, официјална Web страна и YouTube канал, а ќе соработува и со национални и локални ТВ станици и радиостаници, весници и др. Соработката со локалната средина и нејзино информирање за актуелностите во училиштето, ќе се настојува да се обезбедат средства и да се продолжи со издавањето на училишниот весник „Искра“.

## 20. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Подобрен квалитет на наставата на ученици со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето. | Анализи по квалификациони периоди и извештаи од натпревари | Наставници и стручна служба | Наставници,ученици, Родители |
| Подобрен успех на ученици со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето. | Табелари | Наставници и стручна служба | наставници,ученици, родители |
| Подобрен квалитет на наставата | Анкета | стручна служба | Наставници,ученици, Родители |
| Подобрен успех на ученици | Табелари | Наставници и стручна служба | Наставници,ученици, Родители |
| Подобрени услови за работа во училиштето | Фотографии пред и потоа | Директор и одговорни наставници | Родители и локална заедница |

## 21. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Сите сегменти од работењето на училиштето се опфатени и испланирани во рамки на годишната програма за работење на ООУ „Кузман Јосифоски - Питу“ - Кичево. Како и секоја учебна година така и учебна 2022/2023год. ќе се евалуираат активностите со годишната програма за работа на училиштето. Секој наставник, стручен соработник, директор, тело, тим, комисија и стручен актив континуирано собира докази за своето работење и постигнати резултати, а исто така и води записници и извештаи за својата работа. Во извештаите за работењето на училиштето се сумираат податоци, резултати, заклучоци и препораки кои се споделуваат со вработените на средбите на наставнички совет. Секоја учебна година се збогатува датотеката на инструменти, протоколи и интерни правилници со цел реална евалуација на реализирани активности и креирање на остварливи препораки и предлог активности за детектирани предизвици во училишното работење. Во поголем дел од евалуација на активностите покрај одговорните тимови ќе бидат и вклучени ученици и ученичкиот парламент за прибирање на релевантни информации за областите од работењето на училиштето од кои се засегнати истите.

## 22. Заклучок

Оваа годишна програма е сеопфатна и располага со сите податоци за ООУ „Кузман Јосифоски - Питу“ - Кичево како и сите предвидени активности, сите подрачја од училишниот живот почнувајќи од: училишната лична карта, просторните услови за работа и настава, план на просториите, опременоста на училиштето, структурата на училиштето почнувајќи од највисокиот орган, организацијата на работни места на наставниот кадар и вработените, број на паралелки, ученици, етничка и родова структура на ученици, мисија и визија на училиштето, стекнатите искуства, подрачја на промени и приоритети, задачи и цели, план за евалуација, календар за работа, видовите настава, оценување и самоевалуација, воннаставни активности, поддршка на ученици, грижа за здравјето, училишна клима, професионален развој на образовниот кадар, вклученост на семејството во училиштето, комуникација со јавноста, промоција, следење и евалуација.

Систематски и квалитетно изготвена Годишна програма на училиштето ни овозможува навремено планирање на предвидените активности кои имаат за цел овозможување воспитание и образование на учениците на највисоко ниво.

Со изготвување на Годишната програма добиваме краткорочен развоен документ кој претставува оперативно планирање на севкупната работа на училиштето. Овој суштински документ ефикасно нѐ води при реализација на планираните глобални активност.

Годишната програма ги предвидува сите форми и начини на работа овозможени од условите во кои работи училиштето: материјално-технички, кадровски, финансиски и други услови во поширокота заедница каде егзистира училиштето. Истата се базира на закони и правилници и други препораки кои се релевантни за успешно училишно работење, како и искуства од претходните години и далечинско учење за време на пандемија со COVID-19.

Сеопфатноста и опсегот на податоци во годишната програма налагаше транспарентен процес при изработка и вклученост на 80% од воспитно – образовниот кадар на училиштето според своите афинитети и области на делување.

## 23. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Илинка Анѓелеска – *в.д. директор на ООУ „Кузман Јосифоски – Питу“ – Кичево*

Верка Јанаќиевска – *психолог*

Катарина Д. Стојкоска – *одделенски наставник*

Слаѓана Јосифоска – *предметен наставник-ментор*

Александра Спасевска – *предметен наставник*

Сања Нколоска Јованоски - *дефектолог*

Невена Сајкоска - *родител*

## 24. Користена литература

- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното образование;
- Годишна програма за работа на училиштето за учебна 2020/2021;
- Годишен извештај за учебна 2020/2021;
- Програми за работа на стручни активи, тела и комисии и извештаи од нивно работење;
- Развојно планирање на училиштето;
- Самоевалуација;
- Извештај од пописна комисија;
- Лични професионални планови на наставници и стручни соработници;
- Професионални и развојни портфолија на наставниците и стручните соработници;
- Развојни, годишни, месечни/тематски и оперативни планови за работа на наставниците;
- Интерни процедури и правилници;
- Извештај од интегрален увид на училиштето;
- Статистички податоци;
- Проектни планови и извештаи на проектниот тим;
- Годишни планирања и извештаи за МИО и ЕКО активности;
- Квартални табелари за успех, редовност и поведение на учениците во училиштето;
- Извештај за финансиско работење на училиштето;
- Законот за основно образование;
- Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта,
- Закон за работни односи;
- Закон за јавни набавки;
- Закон за организација и работа на органите на државната управа;
- Наставни планови и програми;
- Концепција за деветгодишно основно образование;
- Одлика за распределба и систематизација на работни задачи во училиштето;
- Статут на училиштето;
- Етички кодекс;
- Правилник за личен план за професионален развој;

- Правилник за начин на избор на училиштето, поблиските критериуми и начин на организирање на наставата во домашни услови;
- Правилник за работа на комисии;
- Правилник за дежурства на наставници;
- Правилник за работно време;
- Правилник за наградување на ученици и наставници.

в. д. директор на
ООУ „Кузман Јосифоски – Питу“
– Кичево

Илинка Анѓелеска

м. п.

Претседател на Училишен
одбор

Јованка Лазаровска